## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАБЉУДУВАЧИ НА ОБСЕ/ОДИХР

- Набљудувачите ќе бидат строго непристрасни во спроведување на своите должности, и тие никогаш не смеат да изразат пристрасност или преференца кон националните, односно државните органи, партиите, кандидатите и спорните прашања во текот на изборниот процес.
- Набљудувачите треба да ги извршуваат сите должности на ненаметлив начин, и не треба да се мешаат во изборниот процес. Набљудувачите можат да поставуваат прашања и да им посочат на овластените лица од изборните органи за увидените нерегуларности, но тие не смеат да им даваат упатства или да противречат на одлуките на овластените лица.
- Набљудувачите ќе останат на должност за време на целиот ден на одржување на изборите, вклучувајќи го и набљудувањето на пребројувањето на гласовите, и ако добијат за тоа упатство, и на следниот стадиум на сумирање на резултатите.
- Набљудувачите ќе ги засноваат своите заклучоци на нивното лично набљудување и согледувања или на јасни и убедливи факти и докази.
- Набљудувачите треба да се воздржат од давање коментари за изборниот процес или за суштината на нивното набљудување до претставници на медиумите, при што нивните коментари треба да се ограничат на давање општи информации за набљудувачката мисија и за нивната улога како набљудувачи.
- Набљудувачите не треба да преземаат непотребни или неосновани ризици. Личната безбедност на секој набљудувач е примарна, и поважно од секое друго прашање.
- Набљудувачите ќе носат знаци за идентификација што ги предвидела владата-домаќин или изборната комисија, и ќе се идентификуваат пред кој било орган на негово барање.
- Набљудувачите мора да се придржуваат кон сите национални закони и прописи.
- Набљудувачите треба да покажат највисоко ниво на лична дискреција и професионално однесување во секое време.
- Набљудувачите ќе присуствуваат на состаноците за известување и брифирање на мисијата и ќе се придржуваат до планот за нивно распоредување и до сите други упатства дадени од страна на набљудувачката мисија на изборите на ОБСЕ/ОДИХР.

osce

ПРИРАЧНИК ЗА ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ НА ИЗБОРИ

# ПРИРАЧНИК ЗА ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ НА ИЗБОРИ




Набљудување пред денот на изборите и многу повеќе

osce

# ПРИРАЧНИК ЗА ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ НА ИЗБОРИ

Набљудување пред денот на изборите
и многу повеќе

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и да се копира за образовни и други некомерцијални цели, под услов при секоја репродукција да се наведе ОБСЕ/ОДИХР како нејзин извор.

Оваа публикација претставува превод на „Прирачник за долгорочни набљудувачи на избори“ изработен од ОБСЕ/ОДИХР, 2005. Печатењето е поддржано од Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје,
Зграда на QBE, Скопје
11 Октомври бр. 25

osce.org/skopje

# ПРИРАЧНИК ЗА ДОЛГОРОЧНИ НАБЉУДУВАЧИ НА ИЗБОРИ

## Набљудување пред денот на изборите и многу повеќе

# Содржина

ПРЕДГОВОР vii

ВОВЕД ix

1 ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДНИ 1

- А. Општ преглед на обврските на ДНИ 1
- Б. Ориентација и информирање 2
- В. Распоредување, логистика и оперативни ресурси 2
- Г. Безбедност и сигурност 4
- Д. Кодекс на однесување за набљудувачите на ОДИХР 6
- Ѓ. Други општи упатства за ДНИ 6

2 УЛОГАТА НА ДНИ ПРИ НАБЉУДУВАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ 7

- А. Воспоставување контакти 7
- Б. Изборна администрација 8
- В. Жалби и приговори 9
- Г. Избирачки списоци 10
- Д. Регистрација на кандидати 12
- Ѓ. Изборна кампања 13
- Е. Медиуми 16
- Ж. Родови прашања 17
- З. Национални малцинства 17

3 ИЗВЕСТУВАЊЕ 19

4 ПОДГОТВУВАЊЕ ЗА КНИ 23

- А. Обврски на главниот тим 23
- Б. Обврски на ДНИ: Создавање регионален план за распоредување 24
- В. Обврски на ДНИ: Брифинзи за КНИ 27
- Г. Обврски на ДНИ: Извештаи на КНИ 28
- Д. Обврски на ДНИ: Сместување на КНИ 29
- Ѓ. Обврски на ДНИ: Ангажирање локални помошници на КНИ 29
- Е. Обврски на ДНИ: Координација на КНИ на денот на изборите 30
- Ж. Обврски на ДНИ: КНИ од парламентарните набљудувачки групи и локално регрутирани дипломати 31

5 АДМИНИСТРАЦИЈА И ФИНАНСИИ 33

6 УЛОГАТА НА ДНИ ПРИ ЗАТВОРАЊЕ НА МИСИЈАТА 35

- А. Дополнителни и проштални средби 35
- Б. Административно затворање на мисијата 35

7 АНЕКСИ 37

Анекс А 38
Список на клучните задачи и обврски на ДНИ 38
Анекс Б 40
Список на задачите за ДНИ за подготовка за распоредување на КНИ 40
Анекс В 42
Предложени прашања за изборните комисии 42
Анекс Г 45
Предложени прашања за евиденција на избирачите 45
Анекс Д 46
Предложени прашања за политичките партии и кандидати 46
Анекс Ѓ 48
Предложени прашања за НВО и домашните набљудувачи 48
Анекс Е 50
Предложени прашања за медиумите 50
Анекс Ж 52
Упатства за работа со медиуми 52
Анекс З 54
Предложен формулар за седмични извештаи на ДНИ 54
Анекс Ѕ 57
Предложен формулар за вонреден извештај за ДНИ 57
Анекс И 58
Предложен формулар за извештај на ДНИ за следење на специфични случаи 58
Анекс Ј 60
Предложен формулар за конечен извештај на ДНИ 60
Анекс К 63
Формулар за ваучер за исплата 63
Анекс Л 64
Заложби поврзани со изборите содржани во Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година 64
ЗА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУЦИИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОБСЕ 66

# ПРЕДГОВОР

Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) со седиште во Варшава е главната институција на ОБСЕ за унапредување и заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Еден од клучните елементи на мандатот на ОДИХР е унапредувањето на демократските избори. За таа цел, Канцеларијата разви голем број програми кои се поврзани со изборите и во последната деценија прерасна во главна меѓународна агенција за набљудување избори во регионот.

Изборите не се настани кои се одвиваат само еден ден. Особено е важно мисијата за набљудување на изборите да ги земе предвид сите елементи коишто, заедно во комбинација, создаваат демократски изборен процес: непристрасна и професионална изборна администрација; ефективна евиденција на избирачите и на кандидатите; изборна кампања која има правичен пристап до медиумите и која е нагласена со основните слободи на изразување, здружување и собирање; убедлив процес на денот на изборите којшто им дозволува на сите избирачи со право на глас да го дадат својот глас на непречен начин и ослободени од каква било форма на заплашување; чесно, транспарентно и навремено пребројување на гласовите и усогласување; и достапен процес на жалби и приговори. Сите овие прашања се во фокусот на вниманието на долгорочните набљудувачи на избори (ДНИ).

Овој прирачник за долгорочните набљудувачи на избори го надополнува *Прирачникот за набљудување избори* на ОДИХР, кој сега го има и петтото издание. Тој е издаден, со цел, да ја олесни специфичната улога на ДНИ во контекст на мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР. ДНИ играат единствена улога во таквите мисии, а нивната цел е двострана. Тие мора да собираат, да анализираат и да известуваат за информации и наоди поврзани со изборите од нивните соодветни региони, а, исто така, тие мора да го подготват теренот за распоредување на краткорочните набљудувачи на избори (КНИ). КНИ се распоредуваат за ограничен временски период, па поради тоа работата на ДНИ е од основно значење во зголемувањето на придонесот на КНИ преку обезбедување темелен брифинг, средба за добивање повратни информации од КНИ и неопходна логистичка поддршка. Поради тоа, улогата на ДНИ бара широк спектар од аналитички и организациски способности.

ДНИ имаат и една друга важна обврска: тие ја претставуваат мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР во регионите, и, како такви, тие, исто така, служат и како амбасадори на ОБСЕ во поширока смисла. Поради тоа, од пресудно значење е ДНИ да ги извршуваат своите обврски според највисоките професионални стандарди, и строго да се придржуваат кон кодексот на однесување за набљудувачи. Улогата на ДНИ е одлучувачка во осигурувањето

убедлива, објективна и професионална процена на изборите.

Работата на ДНИ претставува предизвик но, исто така, таа е и инспиративна. Ваквата работа им овозможува на ДНИ да добијат реална слика за изборниот процес на локално ниво и во краток временски период да бидат сведоци на исклучителниот квалитет на предизборната средина. Ова бара високо ниво на посветеност на задачата којашто ја имаат пред себе. Им посакувам на сите ДНИ успех во извршувањето на нивните должности и им се заблагодарувам за нивната заложба. Се надевам дека овој прирачник ќе им ја олесни работата и ќе им помогне да го одржат високото ниво на професионалност по што е и позната ОДИХР на полето на набљудување на изборите.



*Амбасадор Кристијан Штрохал*
*(Christian Strohal) (с.р.)*
*Директор на ОДИХР*

# ВОВЕД

Овој прирачник им обезбедува на долгорочните набљудувачи на избори (ДНИ) кратко запознавање со нивната улога, должности и обврски во специфичниот контекст на набљудувањето на избори онака како што го спроведува Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР). ОДИХР е институција на ОБСЕ која има мандат да известува за усогласеноста на земјите-членки на ОБСЕ со заложбите на ОБСЕ во врска со изборите и во тој поглед да им помага да ги исполнат тие заложби.

Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година беше првиот политички договор меѓу државите за институционализирање на набљудувањето на избори во којшто се дава отворена покана за меѓусебно набљудување на изборните процеси. Мандатот на ОДИХР за набљудување на изборите произлегува од ставот 8 од Копенхашкиот документ, а е потврден со Париската повелба за Нова Европа од 1990 година, со документот од Четвртата средба на Советот на КЕБС во Рим од 1993 година, документот од Самитот во Будимпешта во 1994 година, и со документот од Истанбулскиот самит во 1999 година (Повелба за европска безбедност). Како потврда дека изборниот процес е многу повеќе од настан којшто се одвива еден ден, на Самитот во Будимпешта во 1994 година се донесе одлука дека ОДИХР треба да „има зајакната улога во набљудувањето избори пред, во текот на изборите и по нивното завршување“.

Во овој контекст, со Решението од Самитот во Будимпешта, исто така, се задолжи ОДИХР да развие прирачник со цел да се зајакнат подготовките и процедурите за набљудувањето избори. Резултатот беше *Прирачникот за набљудување избори* на ОДИХР – за прв пат претставен во 1996 година, којшто ја изложува сеопфатната методологија за долгорочното набљудување избори и со којшто се дефинираше пристапот на ОБСЕ кон оваа дејност повеќе од една деценија. Оваа методологија му овозможи на ОДИХР да ги надмине некомплетните изборни процени од почетокот на 90-тите години на XX век, коишто доста често се карактеризираа со изјави засновани врз впечатоци, коишто се фокусираа речиси исклучително врз самиот ден на изборите.

Сега ОДИХР е во можност да ја следи комплексноста на изборниот процес со еден конзистентен, структуиран и повеќедимензионален пристап кон набљудувањето коешто ги покрива сите клучни елементи. Долгорочното набљудување е од основно значење за оваа методологија. Поради тоа, известувањето на ДНИ ја покрива ефективноста и непристрасноста на изборната администрација, спроведувањето на изборното право и прописите, природата на кампањата и заштитата на релевантните граѓански и политички права. Присуството на ДНИ



статистички репрезентативен примерок на активностите на избирачките места низ целата земја. ДНИ имаат значајна обврска за поддршка на овие активности преку планирањето на нивното пристигнување, организирање на брифинг, регионалното распоредување и прибирање на иформациите (debrifing) од КНИ.

овозможува темелно набљудување на предизборниот и непосредниот постизборен период, а ДНИ имаат централна улога во овозможувањето на ОДИХР да ги придружува и известува за изборниот процес во целост. Набљудувањето избори на ОДИХР е насочено кон изборниот процес, а во однос на изборните резултатите интересот се однесува единствено тие да се објават чесно, точно, транспарентно и навремено.

Примарна задача за краткорочните набљудувачи на избори (КНИ) е набљудување и проценување на процедурите на денот на изборите, улогата на ДНИ е да осигурат набљудувањето на денот на изборите да биде ефективно. На денот на изборите, КНИ се распоредуваат низ целата земја и пополнуваат формулари на секое посетено избирачко место и секој центар каде што се сумираат гласовите, на тој начин давајќи придонес кон формирање

Секогаш кога ОДИХР распоредува мисија за набљудување на избори, секоја од 56-те земји-членки, со исклучок на земјата домаќин, се поканува да испрати и ДНИ и КНИ. Како ДНИ, ОДИХР бара назначување на лица со искуство во администрација на избори, правна експертиза поврзана со изборите, и/или компаративно набљудувачко искуство. ДНИ мора да бидат способни да вршат независни анализи и во еден подолг временски период да одржуваат непристрасна комуникација со општините и регионалните власти, изборните службени лица, претставниците на политичките партии и кандидатите и релевантните невладини организации.

ДНИ ги извршуваат своите должности под надзор на шефот на набљудувачката мисија на изборите[1] (НМИ), кој е назначен од страна на директорот на ОДИХР. Шефот на мисијата ја презема одговорноста за секојдневната работа на НМИ, во тесна соработка со Одделот за избори на ОДИХР. Шефот на Одделот за избори го претставува директорот во сите прашања поврзани со изборите. Советникот за избори на ОДИХР којшто е задолжен за набљудување на определени избори воспоставува редовна комуникација меѓу НМИ и ОДИХР во Варшава.

Освен шефот на мисијата, јадрото на тимот на мисијата за набљудување на изборите го сочинуваат и: заменик претседател, аналитичар за избори, политички аналитичар, правен аналитичар, аналитичар на медиуми,

[1] Шефот на набљудувачката мисија за избори на ОДИХР, којшто во овој документ е посочен како шеф на мисија, не треба да се меша со шефовите на теренското присуство на ОБСЕ, коишто работат според своите посебни мандати.

статистички аналитичар, експерт за логистика, финансиски офицер, офицер за врски со парламентот, координатор на ДНИ и експерт за безбедност. Во некои случаи, јадрото на тимот може да се состои од уште двајца аналитичари коишто спроведуваат фокусирани анализи на определени прашања поврзани со родовите и националните малцинства. Јадрото на тимот воспоставува комуникација со централните власти на земјата домаќин и одржува преглед на ситуацијата на национално ниво. Исто така, одржува комуникација со претставниците на Парламентарното собрание на ОБСЕ и со други парламентарни набљудувачи коишто редовно вршат набљудувања во рамките на изборната набљудувачка рамка на ОДИХР за формирање меѓународна набљудувачка мисија за избори.[2] ДНИ служат како примарна точка за контакт на сите краткорочни набљудувачи откако тие ќе бидат распоредени на терен, вклучувајќи ги и парламентарните набљудувачи, а тие организираат брифинзи за регионот за да ги воведат набљудувачките активности во регионален/локален контекст.

Координаторот на ДНИ е главното лице за контакт за ДНИ и тој обезбедува водство, помош и упатства. Врз основа на одредени наоди на национално ниво аналитичарите од централната канцеларија можат да ги упатат ДНИ за повнимателно следење на специфични прашања во регионите.

Набљудувачката методологија за избори на ОДИХР, повеќе се фокусира врз колективните наоди, отколку врз поединечните. Распоредувањето на ДНИ во мултинационални тимови од по двајца, обично на шест седмици пред денот на изборите, воспоставува широко регионално присуство за НМИ во текот на целиот изборен процес. Извештаите на ДНИ осигуруваат дека НМИ е во можност да ги земе предвид трендовите и развоите низ различните региони на земјата со формулирање на севкупната проценка на изборниот процес.

Иако работата како ДНИ причинува задоволство, исто така, тоа е напорна работа која претставува предизвик и искуството коешто бара посветеност и истрајност. ДНИ мораат да ги извршуваат должностите со највисок степен на објективност и професионалност. Тие мора да бидат способни да работат со значителен степен на флексибилност и иницијативност следејќи ја општата рамка, воспоставена од страна на НМИ. Од ДНИ се бара редовно да го известуваат шефот на мисијата преку координаторот на ДНИ. ДНИ можат да се соочат со тешки животни и работни услови. Секој тим на ДНИ ќе има помош од преведувач и возач.

Како претставници на НМИ на теренот, ДНИ можат да добиваат прашања од страна на локалните медиуми. Шефот на мисијата или неговиот/нејзиниот назначен претставник се единствените членови на НМИ коишто се овластени да даваат коментари во врска со изборниот процес или за суштината на наодите на НМИ, во одредени случаи ДНИ можат да понудат општи информации во врска со улогата на набљудувачите.

Земјите-членки на ОБСЕ се обврзаа на широк спектар од заложби за поддршка, заштита и унапредување на демократското управување и човековите права, од коишто повеќето се поврзани посебно со изборите а се содржат во Копенхашкиот документ (ставови 6-8).[3] Со цел државите на ОБСЕ да го доближат нивниот изборен

2 ОДИХР е посветена на соработка со Парламентарното собрание на ОБСЕ, Парламентарното собрание на Советот на Европа, Европскиот парламент, и, понекогаш, со Парламентарното собрание на НАТО, и потенцијално со други парламентарни групации коишто сакаат да се приклучат кон меѓународната набљудувачка мисија на изборите во рамките на методологијата за набљудување на избори на ОДИХР.

3 Поголемиот број земји- членки во ОБСЕ, исто така, се членки на Советот на Европа и затоа се обврзани со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Исто така, повеќето земји-членки во ОБСЕ го имаат ратификувано Меѓународниот договор за граѓански и политички права, договор на Обединетите нации за човекови права.




процес поблиску до заложбите на ОБСЕ, набљудувачката методологија за избори на ОДИХР им нуди на земјите-членки авторитативни и конструктивни препораки кои се темелат врз добро засновани факти. Информациите кои ги обезбедуваат ДНИ во нивните извештаи, служат како важен елемент во развојот на препораките коишто ќе им помогнат на земјите-членки на ОБСЕ во исполнувањето на нивните заложби.

Овој прирачник за ДНИ го надополнува *Прирачникот за набљудување избори* на ОДИХР, од којшто е издадено петтото издание (2005 година) и е достапен на осум јазици.[4] Овој прирачник опфаќа широк спектар на ситуации со кои ДНИ можат да се соочат на терен, почнувајќи со опис на улогата на ДНИ во севкупниот набљудувачки процес до административните, логистичките и безбедносните прашања.

Останатите публикации на ОДИХР[5] кои содржат подетални и специјализирани насоки за припадниците на мисиите за набљудување на избори ги вклучуваат и:[6]

*Упатства за анализа на медиумите во текот на мисии за набљудување на изборите* (треба да излезе во 2007 година) (Guidelines on Media Analysis During Election Observation Missions);

*Прирачник за следење на учеството на жените во изборите* (2004) (Handbook for Monitoring Women's Participation in Elections);

*Упатства за преглед на правната рамка на изборите* (2001) (Guidelines for Reviewing a Legal Framework for Elections);

*Упатства за помош на националните малцинства за учество во изборниот процес* (2001) (Guidelines to Assist National Minority Participation in the Electoral Process) ; и

*Разрешување изборни спорови во регионот на ОБСЕ: Кон стандарден систем за следење на изборни спорови* (2000) (Resolving Election Disputes in the OSCE Area: Towards a Standard Election Dispute Monitoring System).

4 Албански, англиски, француски, грузиски, романски, руски, српски и украински јазик.
5 Сите овие публикации се достапни на веб-сајтот на ОДИХР (www.osce.org/odihr). Можат да се нарачаат печатени примероци со испраќање електронска пошта на publications@odihr.pl.
6 Други посебни информации и анализи се достапни во студиите под наслов „Меѓународни стандарди и заложби за правото за демократски избори: Практичен прирачник за најдобрата практика за демократски избори“ и „Постојни заложби за демократски избори во земјите- учеснички во ОБСЕ: Извештај за напредокот“ (достапно на www.osce.org/odihr).

# 1

# ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДНИ

Ова поглавје овозможува преглед на важни информации за ДНИ. Во него се дадени нивните главни должности, се објаснува што треба да очекуваат по нивното пристигнување во земјата, се даваат некои општи насоки за тоа како да работат, и се поставуваат основните правила на однесување на кои се обврзани тие. Поглавјата коишто следат, ги разработуваат овие прашања и обезбедуваат поспецифични информации според коишто ќе се раководат ДНИ во нивната работа. Кога се сомневаат во врска со нешто или кога имаат потреба од совет, ДНИ треба да се консултираат со координаторот за ДНИ.

## А. Општ преглед на обврските на ДНИ

Во текот на НМИ, од ДНИ, нормално, се очекува да ги исполнат следниве должности:[7]

- Набљудување, проценување и известување за ефективноста и непристрасноста на **изборната администрација** во текот на предизборниот период, на денот на изборите, и во деновите коишто следат по завршувањето на изборите;
- Набљудување, проценување и известување за предизборната политичка средина и сите аспекти на **изборната кампања,** вклучувајќи го и почитувањето на граѓанските и политичките права и степенот до којшто изборниот процес е ослободен од заплашување;
- Набљудување, проценување и известување за **постапките по жалбите и приговорите во врска со изборите;**
- Набљудување, проценување и известување за други прашања поврзани со изборите, како што се **учеството на жените, вклучувањето на националните малцинства** и **пристапот за хендикепираните избирачи;**

[7] Списоците на клучните задачи можат да се најдат во Анексите А и Б. ДНИ можеби ќе треба да извршат различни други задолженија, во зависност од барањата на посебната НМИ.

- Подготвување локален **план за распоредување** за КНИ кои ќе работат во рамките на нивната област на одговорност (ОнО);
- Поставување **логистичка организација** за распоредување на КНИ во нивните ОнО;
- Организирање **брифинг за регионалната изборна и политичка состојба и прибирање повратни информации (debriefing) од** КНИ; и
- **Раководење со персоналните, финансиски и материјални ресурси на** ефикасен начин и во согласност со процедурите и регулативите на ОДИХР.

## Б. Ориентација и информирање

По доаѓањето во земјата, ДНИ ќе поминат еден или два дена во главниот град во главното седиште на НМИ пред да бидат распоредени во нивната област на одговорност (ОнО). Во текот на овој период, тие:

- Ќе се сретнат со главниот тим и со другите ДНИ;
- Ќе бидат претставени на нивниот ДНИ партнер и ќе дознаат за која ОнО се назначени;
- Ќе се запознаат со работниот план, приоритетите и распоредот на НМИ;
- Ќе бидат сеопфатно информирани за општиот контекст на изборите, правната рамка, изборниот систем, политичката состојба, медиумската средина и малцинските и родовите прашања;
- Ќе добијат пакет дополнителни информации во врска со основните документи;
- Ќе добијат упатства за известувањето и за административните задачи за коишто се одговорни ДНИ;
- Ќе добијат финански средства за работа и опрема; и
- Ќе бидат информирани за безбедносната состојба.

ДНИ ќе бидат распоредени во нивните ОнО по завршувањето на брифингот во главниот град на земјата. Службениците во главното седиште на НМИ ќе резервира привремено сместување за ДНИ во нивните соодветни ОнО и ќе го организира нивното патување. Специфичните услови се разликува од една до друга НМИ, но ДНИ ќе бидат соодветно информирани.

## В. Распоредување, логистика и оперативни ресурси

НМИ ќе издејствува добивање документ за **акредитација** за секој ДНИ од владата на земјата-домаќин. Кога е возможно, акредитацијата ќе биде обезбедена за ДНИ пред тие да бидат распоредени во нивните ОнО. НМИ обично, обезбедуваат и **визит-картички** за ДНИ.

ДНИ се назначени да работат во тимови од по двајца, и, како општо правило, секој тим на ДНИ е составен од државјани на различни земји-членки на ОБСЕ. Каде што е возможно, ДНИ тимовите ќе бидат составени од еден маж и една жена. Јасно е дека за да можат ДНИ тимовите да работат ефикасно, партнерите треба да развијат работен однос на поддршка и професионалност. Тешкотиите треба да бидат навремено пријавени кај координаторот на ДНИ.

Буџетите на НМИ не вклучуваат финансирање за **канцеларискиот простор** на ДНИ. ДНИ мора да работат во просториите каде што се сместени. Поради тоа ДНИ треба да одберат сместување кое, исто така, би можело да послужи и како канцеларија за нив и за нивните помошници, и како место каде што ќе се одржуваат состаноци. ДНИ тимовите честопати избираат сместување на места кои, истовремено, служат за живеење и располагаат со простор кој може да се користи како

канцеларија. Сепак, ова е индивидуален избор.

Секој ДНИ тим, вообичаено, добива **лаптоп-компјутер и мобилен телефон.** Многу ДНИ ги користат сопствените мобилни телефони и лаптоп-компјутерите. Сепак, тие треба да располагаат со сопствено осигурување за личната опрема, *бидејќи НМИ не може да ги покрие трошоците на ДНИ за настанатата штета, или загуба, на личната опрема.*

НМИ ќе назначи **преведувачи** и ќе ги ангажира врз основа на краткорочен договор (од секој тим ќе зависи одлуката дали ќе го продолжи договорот или ќе ангажира некој друг). Набљудувањето избори зависи од широк опсег вештини и професионални искуства, и додека јазичните вештини се корисни и може да бидат нагласени, голем број набљудувачи нема добро да го познаваат јазикот на земјата-домаќин. Преведувачот треба да има добро познавање на англискиот јазик и, исто така, треба да поседува способност за воспоставување меѓучовечки односи кои се неопходни за да ги претставува ДНИ на состаноците на професионален начин. Преведувачот, исто така, има улога и на локален помошник на ДНИ тимот и, во идеален случај, ќе има добро општо познавање на областа и на севкупната политичка средина. Преведувачите треба да бидат на располагање во текот на целиот период на работа и треба да бидат во можност да работат подолго време, кога е потребно тоа. Исто така, пожелно е преведувачот да има способности да преведува пишан материјал и да се служи со компјутер и на англиски и на локалниот јазик.

НМИ, исто така, ќе обезбеди **возач** за секој ДНИ тим врз основа на краткорочен договор (ќе зависи од секој тим дали ќе го продолжи договорот или ќе ангажира некој друг). Од возачите на ДНИ се очекува да ги користат сопствените возила. Многу е важно да се процени не само искуството, одговорноста и компетентноста на



возачот туку, исто така, да се направи процена на општите услови, сигурноста и безбедносните карактеристики на самото возило. ДНИ треба да се осигураат дека нивниот возач поседува возачка дозвола и осигурување. Надоместокот којшто им се исплаќа на возачите, исто така, го вклучува и користењето на возилото, за кое им се плаќа горивото. Исто така, од голема помош за возачите е да имаат некакво познавање на англискиот јазик и да поседуваат мобилен телефон.

Мора да се напомене дека и преведувачот и возачот треба да се однесуваат на објективен и неутрален начин. Набљудувањето избори е непристрасна дејност. Иако локално вработениот персонал, секако, има целосно право на свое сопствено мислење, тој не треба активно да поддржува или отворено да се идентификува со која било политичка партија или кандидат во текот на нивната асистенција на набљудувачката мисија.

На ДНИ им се обезбедени **финансиски средства** за надоместок на трошоците во нивната работа. Дозволените трошоци вообичаено ги вклучуваат надоместоците за преведувачот и

возачот, канцелариските материјали, службените телекомуникациски трошоци и други плаќања кои однапред се одобрени од страна на финансискиот службеник во главното седиште на мисијата.[8] Секој ДНИ самиот си ги покрива сопствените трошоци за сместување, исхрана и другите трошоци од средствата коишто се обезбедени од страна на нивната влада. НМИ ги покрива само дополнителните трошоци за патувањата во рамките на земјата и сместувањето на ДНИ, кога ќе им биде наложено да присуствуваат на повремени брифинзи во главниот град или кога е потребно престојување со ноќевање за да се поминат оддалечените области во рамките на нивните ОнО. *Трошоците за ноќевањата треба да бидат однапред одобрени.*

Корисно е ДНИ да се запознаат со содржината на договорите на нивните помошници. ДНИ се задолжени да потврдат дека часовите и километражата за која тврдат дека ја изработиле/поминале нивните помошници се точно пријавени, и дека, од друга страна, секое прекувремено останување или непредвидено работно време е точно надоместено.

## Г. Безбедност и сигурност

ОДИХР им придава највисоко значење на безбедноста и сигурноста на своите вработени. ДНИ и нивните помошници не треба да преземаат непотребни ризици, и треба да избегнуваат секакви настани во кои тие би можеле да се најдат во ситуација на насилство или јавни безредија. НМИ ќе ги советува ДНИ за општата безбедносна ситуација во земјата и за секакви закани за кои тие би требало да бидат информирани.

Набљудувањето на изборите е цивилна дејност. Сепак, можно е набљудувањето на изборите да се спроведува во постконфликтни ситуации во зависност од тоа дали се создадени услови за соодветна безбедна средина каде што можат да работат набљудувачите и експертите за избори, и зависно од тоа дали е воспоставена безбедна средина за спроведување на изборен процес. Вредноста на набљудувањето избори суштински се негира ако се спроведува под засилени безбедносни мерки, вклучувајќи го и користењето вооружена заштита.

ДНИ треба да ги употребуваат истите безбедносни и сигурносни мерки коишто би ги користеле и дома или во која било друга земја, освен во потенцијално нестабилните или постконфликтни ситуации каде се неопходни дополнителни мерки на претпазливост. Како и да е, тие треба да имаат предвид дека безбедносната ситуација може да се промени, особено во напната изборна атмосфера, и тие мораат да ги следат упатствата за безбедност, коишто ги пропишува главното седиште на НМИ.

Општо гледано, ДНИ треба:

- Веднаш да го информираат главното седиште во врска со нивните детали за контакт и за какви било промени во нив;
- Да бидат во директен контакт со координаторот на ДНИ најмалку двапати неделно или како што е пропишано;
- Да бидат сигурни дека нивниот партнер знае каде се наоѓаат;
- Во секое време да го носат со себе пасошот и документот за акредитација;
- Во секое време да ги носат со себе броевите за контакт од вработените во главното седиште и броевите од службите за итни случаи, и треба да знаат каде да најдат локални болници и полиција;
- Да осигураат дека вработените во главното седиште се запознати со каква било медицинска состојба која би можеле да ја имаат во итен случај;

[8] Деталите за финансиското управување можат да се најдат во Поглавје 5.

- Да се подготви маршрута на посетите во областите коишто се оддалечени од нивната база, да достават копија до главното седиште на мисијата и да добијат претходно одобрување за секој престој со ноќевање во оддалечено место;
- Секогаш да бидат дискретни кога со себе носат пари, да користат само официјални менувачници;
- Да бидат дискретни во одбирањето социјални активности, и да се однесуваат на професионален начин во секое време;
- Да направат куртоазна посета на локалниот началник на полицијата за да го известат за присуството на ДНИ и за општите активности, и за претстојното пристигнување на КНИ, затоа што ова може да се покаже како многу корисно доколку понатаму, во текот на престојот, се појави потреба од контактирање на полицијата.

Едни од најголемите безбедносни ризици со кои може да се соочат ДНИ се оние коишто се случуваат на пат. Условите на патиштата во многу земји можат да бидат лоши, особено во оддалечените области. Возењето ноќе бара дополнителна претпазливост и не се препорачува. Секој ДНИ има обврска

## Кодекс на однесување за набљудувачите на ОДИХР

| |
|---|
| Набљудувачите ќе бидат строго непристрасни во спроведувањето на своите должности и, никогаш, нема јавно да изразуваат или покажуваат каква било пристрасност или претпочитање во однос на националните власти, партии, кандидати, или во поглед на какво било прашање коешто е спорно во изборниот процес. |
| Набљудувачите ќе ги извршуваат своите должности на ненаметлив начин и нема да се мешаат во изборниот процес. Набљудувачите можат да постават прашања кај службените лица задолжени за изборите и да им ги посочат неправилностите, но не смеат да даваат упатства или да ги отповикуваат нивните одлуки. |
| Набљудувачите ќе останат на должност во текот на целиот ден на изборите, вклучувајќи го и набљудувањето на пребројувањето на гласовите, доколку им е наложено, и следната фаза на сумирање на резултатите. |
| Набљудувачите ќе ги засноваат сите заклучоци врз личните набљудувања или врз јасни и уверливи факти или докази. |
| Набљудувачите нема да даваат никакви коментари на медиумите за изборниот процес или за суштината на нивното набљудување, и секој коментар за медиумите ќе се ограничи на давање општи информации за набљудувачката мисија и за улогата на набљудувачите. |
| Набљудувачите нема да преземаат никакви непотребни ризици. Личната безбедност на секој набљудувач е поважна од сé друго. |
| Набљудувачите со себе ќе ги носат сите пропишани документи за идентификација издадени од страна на владата на земјата-домаќин, или од изборната комисија и ќе се идентификуваат пред кој било надлежен орган на негово барање. |
| Набљудувачите ќе ги почитуваат сите национални закони и прописи. |
| Набљудувачите ќе покажат највисоко ниво на лична дискреција и професионално однесување во секое време. |
| Набљудувачите ќе присуствуваат на сите потребни брифинзи на мисијата и на состаноците за прибирање повратни информации и ќе се придржуваат до планот на распоредување и до сите други упатства обезбедени од страна на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР. |

да осигури дека возачот секогаш вози безбедно и дека ги почитува локалните закони и ограничувањето на брзината. Политиката на ОБСЕ за сите возачи и патници е да носат безбедносни појаси а светлата на автомобилот секогаш да бидат вклучени. Гумите за снег и/или синџирите треба да бидат достапни доколку е потребно тоа.

## Д. Кодекс на однесување за набљудувачите на ОДИХР

Од сите набљудувачи се бара да се придржуваат кон кодексот на однесување на ОДИХР. Ако не го прават тоа ќе следи повлекување на акредитацијата и враќање во сопствената земја пред завршувањето на НМИ. Иако некои аспекти од кодексот се однесуваат посебно на КНИ, сите набљудувачи, вклучувајќи ги и ДНИ и припадниците на главниот тим, се обврзани со неговите одредби, и додека се на должност и кога не се на должност.

Понатаму, во согласност со политиката на ОБСЕ, на ДНИ и на останатите вработени на НМИ им се забранува учество во каква било форма на малтретирање или дискриминација врз која било основа. Во зависност од локалните околности, ДНИ мора да осигураат дека ниту една од нивните лични или професионални активности нема да го загрози угледот на НМИ како објективна, независна, професионална и непристрастна мисија.

## Ѓ. Други општи упатства за ДНИ

Покрај кодексот на однесување, постои широка палета од општи упатства кон кои треба да се придржуваат ДНИ:

- Извештаите на ДНИ треба да ги вклучат и позитивните текови на настаните и неправилностите или прекршувањата, и треба да се засноваат врз консултации кои содржат репрезентативен број на мислења. Во случај на сериозни неправилности, ДНИ треба внимателно да ги истражат околностите. Кога поднесуваат извештаи, ДНИ треба да придодадат материјални докази и поткрепувачки податоци, сведоштва, или копии од документи, онаму каде што е тоа возможно. Во извештаите на ДНИ секогаш треба да се прави јасна разлика меѓу она што, всушност, е набљудување од прва рака од страна на ДНИ и она што ним им е прераскажано;
- Ако ДНИ сакаат детаљно да ги анализираат официјалните документи, тоа секогаш треба да се прави во присуство на овластено лице откако претходно ќе се побара дозвола за тоа. ДНИ никогаш не треба да потпишуваат официјални документи или изјави;
- ДНИ не треба да дистрибуираат никакви летоци, памфлети, или друг пишан материјал, којшто посебно не бил одобрен од страна на шефот на мисијата;
- Додека се во служба на НМИ, ДНИ не треба да се ангажираат во каква било деловна дејност или да се занимаваат со каква било претходна или тековна професионална дејност во земјата-домаќин;
- ДНИ треба да се посоветуваат со координаторот на ДНИ пред да примат каков било подарок.




# 2

# УЛОГАТА НА ДНИ ПРИ НАБЉУДУВАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ

Основната улога на една НМИ е да направи процена за тоа до кој степен еден изборен процес ги исполнува заложбите на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори, и степенот до којшто процесот е во согласност со домашното право. Како што главниот тим ги следи сите изборни прашања од главното седиште на НМИ, така и ДНИ ги следат и проценуваат истите прашања од регионална перспектива. Во следниве делови се даваат општи насоки и се опишуваат основните прашања и институции коишто ДНИ, нормално, би требало да ги проценат во рамките на нивните ОнО. ДНИ треба да се повикаат на *Прирачникот за набљудување избори* за натамошни насоки при проценувањето на изборниот процес во рамките на нивните ОнО.

## А. Воспоставување контакти

Ефикасноста на ДНИ ќе зависи од нивната способност да развијат широка мрежа од добри работни односи кои започнуваат веднаш по нивното распоредување. Меѓу соговорниците на ДНИ ќе бидат вклучени локалните изборни комисии, локалните власти, политичките партии, кандидатите или нивните претставници, претставниците на медиумите и новинарите, невладините организации и претставниците на женските групи и на националните малцинства. Како знак на љубезност, ДНИ треба, по нивното пристигнување, да се сретнат со највисоките локални службени лица, на пример, со градоначалникот или управителот, информирајќи го, или информирајќи ја за своето присуство, мандатот и активностите. Сепак, ДНИ не треба од нив да бараат помош во врска со логистичката организација или да примаат какви било понуди за помош. ДНИ треба да се сретнат со голем број различни соговорници, вклучувајќи и широк спектар на политички партии. Тие никогаш не треба да го ограничуваат опсегот на средбите било со владејачката партија/коалиција или со опозицијата.

Веројатно е дека секој соговорник ќе даде свој субјективен став во




врска со изборите. За да се помогне да се поставaт овие впечатоци во перспектива, и колку што дозволува времето, ДНИ треба да разговараат со широк спектар заинтересирани групи или експерти во заедницата кои некогаш можат да понудат алтернативни ставови и други видувања. Тука можат да се вклучат локалните експерти и општествените или политичките аналитичари, претставниците на меѓународните организации, универзитетските професори и водачите на студентите, организациите за човекови права, синдикатите и работничките организации и други еминентни јавни личности.

Во анексите на овој прирачник се вклучени некои општи предлози за тоа како ДНИ треба да им пристапат на своите примарни соговорници. Предложените прашања во анексите служат како водич и како референца во врска со релевантните теми на кои треба да им се посвети внимание. Можеби ќе треба да се земат предвид посебните околности во секоја земја и/или регион.

Домашните организации за набљудување избори играат важна улога. Воспоставувањето добри работни односи со веродостојни организации и одржувањето редовни контакти е важно. Независните домашни набљудувачки организации можат да обезбедат богатство од информации. Но, сепак, важно е да се запомни дека домашното набљудување на изборите е различно од меѓународното набљудување на изборите. Секогаш мора да постои јасна граница меѓу НМИ и домашните набљудувачки групи.

Набљудувачките мисии за избори на ОДИХР и соодветните теренски операции на ОБСЕ присутни во една земја (каде што е применливо) работат според своите различни и одвоени мандати, и ДНИ треба да им ја нагласат оваа разлика на властите. Теренските операции на ОБСЕ можат да бидат драгоцен извор на знаење, експертиза и совети за една набљудувачка мисија за избори на ОДИХР. Во некои земји каде што има присутна теренска мисија на ОБСЕ, ДНИ можат да се сретнат со друг теренски персонал на ОБСЕ, и од нив се очекува да воспостават добри меѓусебни односи.

## Б. Изборна администрација

Честопати, изборите во регионот на ОБСЕ ги спроведуваат изборни комисии[9]. Општо, изборните комисии имаат широки овластувања да ги спроведат изборните закони и се одговорни за техничката подготовка на изборите. Нивната ефикасност е клучен елемент за тоа дали изборниот процес ги исполнува заложбите на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори. Поради тоа, од ДНИ се очекува да посветат значителен дел од своето време за процена на работата на изборната администрација на локално ниво. ДНИ треба да се повикаат на *Прирачникот за набљудување избори*

[9] Во голем број земји-учеснички на ОБСЕ, обврската за спроведувањето на изборите на централно ниво може да му се даде на Министерството за внатрешни работи.

за натамошни информации во врска со процената на изборната администрација.

Формирањето на изборните комисии се разликува од земја до земја. Во рамките на регионот на ОБСЕ, изборните комисии честопати се структуирани во хиерархија, со централна изборна комисија којашто е одговорна за целокупниот изборен процес, голем број регионални и/или општински изборни комисии и комисија на избирачко места за секое избирачко место. Изборните комисии можат да вклучат и поединци коишто ги наименуваат политичките партии, или лица од клучни државни институции. Понекогаш, комисиите се формираат според повеќепартиска формула, а во други случаи тие можат да бидат професионални и неутрални.

Главната обврска на аналитичарот за избори на НМИ е да ја следи работата на изборната администрациија на национално ниво. Регионалните и/или општинските изборни комисии ќе бидат примарните соговорници на ДНИ во текот на нивното набљудување. Од ДНИ се очекува да воспостават работни односи со нив. ДНИ треба да присуствуваат на состаноците на изборните комисии колку што е можно почесто, со цел, да направат процена на ефикасноста на нивните технички подготовки, да утврдат каква е меѓусебната интеракција и како доаѓаат до одлуки, и како се справуваат со можните контроверзни прашања. Исто така, важно е да се разбере дали изборните комисии уживаат доверба кај политичките партии и кандидати и, доколку не, зошто е тоа така. ДНИ, исто така, треба да се обидат да се запознаат и да извршат процена на предизборната работа на избран примерок од избирачките одбори.

ДНИ треба да ја ограничат својата улога на набљудување, и не треба да им даваат совети или помош на изборните власти. Сепак, ДНИ можат да прашаат зошто некои прашања се третираат на посебен начин или зошто не се почитува некој изборен пропис. ДНИ треба да



препознаат дека грешките на изборните службени лица можат да потекнуваат од неискуство или непознавање на законот а не поради намера за компромитирање на интегритетот на процесот.

Дополнителна задача на ДНИ, кога се среќаваат со изборните комисии е да соберат детаљни информации за изборните единици и за локацијата на избирачките места, со цел, да им овозможат поефикасно планирање на распоредувањето на КНИ.

## В. Жалби и приговори

Ефикасен и непристрастен процес на жалби и приговори е основен елемент на демократскиот изборен процес. Граѓаните, кандидатите и партиите мораат да имаат право да бараат корекција доколку сметаат дека нивните избирачки права се прекршени. Исто така, не е доволно една оштетена страна да биде во можност да добие пресуда во своја корист, пресудата, исто така, мора да биде доволно брза за да биде значајна во изборниот контекст, и мора да биде ефективно спроведена. ДНИ треба да се повикаат на *Прирачникот за набљудување избори* на ОДИХР, *Упатствата за преглед на правната рамка на изборите,* и *Разрешување изборни спорови во регионот на ОБСЕ:*



*Кон стандарден систем за следење на изборните спорови* за натамошни насоки за набљудување и за процена на процесот на жалби и приговори.

Жалбите можат да бидат спорен елемент на изборниот процес. Поради нивната важност, политиката на ОДИХР се состои во блиско следење на функционирањето на процесот на жалби. Примарна обврска на правниот аналитичар на НМИ е да ги следи жалбите и приговорите на национално ниво. ДНИ го следат процесот на регионално и општинско ниво.

Процедурите за жалби и приговори се разликуваат од една до друга земја. Честопати, пред да се оди на суд, приговорот на тужителот мора да биде сослушан од страна на изборната комисија. ДНИ треба да се обидат да извршат процена за тоа дали судството општо се согледува како независно.

Во случај на жалби, ДНИ треба да добијат **официјални** копии од жалбите од тужителот или од изборната комисија, како и мислењата на двете страни по однос на прашањето. Тие треба да се обидат да присуствуваат на седници на регионалните изборни комисии коишто се посветени на прашањата за справување со жалбите, како и на судски процеси, и треба да проценат дали жалбата е процесирана на правичен, непристрастен и навремен начин.

ДНИ треба да запомнат дека нивната улога е ограничена на набљудување. Ако некоја оштетена страна им пристапи на ДНИ со жалба, тие треба да се обидат да ги соберат сите достапни докази и да пријават во главното седиште ако жалбата изгледа сериозно и засновано. Сепак, ДНИ треба да му стават до знаење на соговорникот дека НМИ нема моќ да ги разрешува жалбите или да интервенира од нивно име. ДНИ треба да ги охрабрат тужителите да ги следат домашните законски процедури за жалби и да ги информираат за каков било развој на настаните. Задачата на ДНИ е да видат дали се запазува соодветната процедура, дали процесот е правичен и ефикасен и какви се мислењата на политичките партии и кандидати во однос на процесот. Конечно, НМИ мора да изврши процена на целокупната процедура на жалби и приговори врз основа на информациите коишто ги добиваат од целата земја. Ова ќе се направи врз основа на информациите добиени од страна на сите ДНИ и на главниот тим.

## Г. Избирачки списоци

Квалитетот на избирачките списоци е важен фактор за овозможување на остварувањето на правото на глас на гласачите на денот на изборите. Доверливи избирачки списоци, исто така, овозможуваат заштитни мерки од евентуални изборни измами, како што се повеќекратно гласање, или гласање во име на починати лица или на лица кои повеќе не живеат во регионот. Со обезбедувањето евиденција за бројот на избирачи со законско право на глас, избирачките списоци стануваат примарна точка за споредба кога се објаснува бројот на гласачките ливчиња кои се издадени и искористени. Поради тоа, важна задача на НМИ е да се

процени квалитетот на избирачките списоци. Иако НМИ често пристигнува доцна во земјата за да го набљудува самиот процес на евиденција на избирачи, сепак, може да ги испита списоците и да направи општа процена на процесот. ДНИ треба да се повикаат на *Прирачникот за набљудување избори* за натамошни насоки во врска со проценувањето на процесот на евидентирање на избирачите.[10]

Формирањето точни избирачки списоци претставува најголем предизвик со којшто се соочува секоја изборна администрација. Состојбата на избирачките списоци ретко е совршена. На пример, отстранувањето на имињата на починатите лица од списоците често може да доцни од времето на нивната смрт. Администрациите во многу држави можеби не се во можност соодветно и навремено да ги ажурира избирачките списоци, кога лицата го менуваат местото на живеење. Процесот уште повеќе е комплициран во некои земји каде што на војниците, бегалците, или недржавјаните може да им биде дозволено да гласаат на некои избори, но не и на други, што бара измени на списоците за различни видови избори.

Каква и да е националната процедура за евидентирање на избирачите, суштински услов во еден демократски систем е дека секој избирач или треба автоматски да биде евидентиран, или треба да постои едноставна и лесна процедура за евидентирање. Системот треба да биде транспарентен, да допушти увид во избирачките списоци од страна на граѓаните, политичките партии, или други за да се изврши процена на нивната точност. Исто така, треба да има едноставен и добро промовиран систем за корекција на грешките или пропустите на списокот.

Во зависност од законите во земјата, процесот на евиденција на избирачите е или *активен* или *пасивен*. Во активен систем, избирачите мораат да се пријават или инаку да преземат афирмативни чекори за да ги евидентираат своите имиња во избирачките списоци. Во земји каде што системот на евиденција на избирачите е пасивен, од поединците не се бара да преземат акција. Наместо тоа, избирачките списоци се составени од евиденциите на граѓани коишто ги водат општинските власти.

Сепак, во определен број земји-членки, водењето евиденција на граѓани е законска обврска на регионалните канцеларии на државните институции како што е Министерството за правда. Честопати, примарната евиденција којашто се користи се однесува на евидентирањето на местото на живеење на поединецот во заедницата. Понекогаш, локалните власти можат да пристапат кон процес на евидентирање од врата до врата. Во тој случај, би било корисно за ДНИ да ги проценат критериумите коишто се земаат предвид при запишување во избирачкиот список. Во одреден број земји-членки, законите бараат од поединците да го евидентираат местото на живеење кај локалните власти (често во локалната полиција) веднаш штом ќе се преселат во нова заедница, и притоа треба да ја откажат евиденцијата во заедницата од каде што се отселиле.

Главниот тим, а посебно аналитичарот за избори, ќе ја има основната обврска за процена на квалитетот на евиденцијата на избирачите, но тој или таа многу ќе се потпираат на информациите коишто ги обезбедуваат ДНИ од теренот. ДНИ ќе бидат информирани за системот на евиденција во земјата. Од нив ќе биде побарано да ги испитаат списоците во регионите и на избирачките места, со цел, да помогнат околу процената за тоа дали постоечките процедури за евиденција биле доследно следени од страна на одговорните лица, и дали постојат некои поголеми проблеми со

[10] Election Observation Handbook (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2005), 5th edition, pp. 41-43. ОДИХР во моментот подготвува упатства за набљудување на регистрацијата на избирачи.

списоците. ДНИ треба да ги споредат сегашните бројки на избирачите, коишто се евиентирани, со бројката од претходните избори. Доколку се појави значителна промена, тие треба да побараат информации за околностите коишто можеби ја предизвикале оваа промена.

Бидејќи просто е невозможно, за некој што доаѓа од страна самиот да направи процена на точноста на листата со имиња, многу е важно ДНИ да ги прашаат локалните соговорници, како што се кандидатите, политичките партии, граѓанските лидери, и други, за нивното мислење во врска со квалитетот на списоците. Жалбите можат да бидат анегдотски (на пример, „дедото на мојот сосед почина пред две години, но сé уште е на списокот“). Ако политичката партија или некои други имаат сериозни поплаки во врска со квалитетот на списоците, ДНИ треба да побараат од нив да достават специфични, детаљни докази со кои би ги поткрепиле тврдењата.

Еден од аспектите на избирачките списоци којшто треба внимателно да се набљудува е транспарентноста на процесот на евиденција. Во повеќето земји, постои обврска за јавно објавување на избирачките списоци. Ако постои такво обврска, ДНИ треба да утврдат дали овој пропис се почитува. Друг важен аспект за којшто е потребна процена е тоа дали луѓето кои сакаат да направат корекции на списокот се способни да го направат тоа и дали против одлуките можат да се поднесат жалби.

Каков било показател за тоа дека одредени избирачи или групи систематски се попречувани или спречени да се евидентираат, претставува сериозно загрозување на универзалното право на глас. Ова би било особено сериозно ако постоел намерен план за прекршување на правата на одредени граѓани или посебни заедници да учествуваат во изборите. Во овој поглед, посебно внимание треба да се посвети на вклучувањето на националните малцинства, како што е ромската заедница, и преку едукација на избирачите. Исто така, можат да се постават и прашања кои се поврзани со евиденцијата на жените, раселените лица, воениот кадар, и затворениците или пациентите во болниците. Кога таквите околности ќе станат очигледни, ДНИ треба да одредат какви напори се преземаат за да се надминат овие бариери коишто спречуваат одредени сегменти од општеството да учествуваат во процесот, и дали постои некаков доказ дека овие активности имаат позитивен ефект.

## Д. Регистрација на кандидати

Правото на граѓаните да учествуваат на избори е основен елемент на демократскиот изборен процес. Поради тоа, една од задачите на НМИ е да направи процена за тоа дали процесот на регистрација на партиите и кандидатите е отворен, транспарентен, недискриминаторски и фер. Во многу случаи, кандидатите и партиите се регистрираат на национално ниво. Во такви случаи, главниот тим ќе преземе обврска да изврши процена на процесот. Во други случаи, кандидатурите можат да бидат одобрени на регионално или локално ниво, и проценувањето на процесот ќе биде обврска на ДНИ. Иако НМИ нема секогаш да пристигне во земјата пред да биде завршен процесот на регистрација на кандидатите, сепак, важно е да се направи процена на процесот и на ставовите на кандидатите и политичките партии во самиот процес. Во текот на почетниот брифинг за ДНИ, главниот тим ќе обезбеди информации во врска со процесот на регистрација и политичките кандидати, и ќе им даде упатства на ДНИ за некои специфични прашања кои треба да се истражат. ДНИ, исто така, треба да се повикаат на *Прирачникот за набљудување на изборите* како насока за набљудувањето

на регистрацијата на кандидатите и на политичките партии.[11]

Од идните кандидати, исто така, ќе се бара да поднесат и барање за регистрација, коешто може да биде поднесено во повеќе форми, вклучувајќи и потпишани документи, листи на избирачи коишто ги поддржуваат, финансиски депозити, и/или низа финансиски и други изјави. Условите за регистрација треба да бидат јасни и предвидливи и да не опфаќаат потенцијални дискриминаторски барања како што се прекумерни депозити или неразумен број имиња и потписи на петициите за номинација, во однос на просечната плата и големината на избирачкото тело.

Многу е важно да се одреди дали процесот е правично спроведен и дали сите политички учесници добиваат еднаков третман во поглед на прегледот на нивните пријави и документи. Како општ принцип, кандидатите не треба да бидат одбиени поради технички проблеми со нивните документи за пријавување. Наместо тоа, тие треба да бидат официјално информирани за можните грешки или пропусти и да им се даде можност да направат корекции.

Оправданите забрани за кандидатурите можат да бидат минималната старосна граница за некои функции, или барање за постојано живеалиште во земјата за одреден период пред започнувањето на изборите. На државните службеници не смее да им биде дозволено да се кандидираат пред да дадат отказ на своето работно место, со цел, да се избегне конфликт на интереси и да се осигури одвојување на моќта.

ДНИ треба да се среќаваат со изборните комисии и политичките партии на регионално ниво за да ја утврдат листата на официјално регистрираните кандидати и/или партии, и информациите за одбиените кандидати. Ако кандидатите биле одбиени, ДНИ треба да ги откријат причините за такво нешто. Би било пожелно да се сретнат со одбиените кандидати за да ги слушнат нивните видувања за самиот процес. Ако некој од кандидатите во ОнО на тимот на ДНИ поднесе официјална жалба или приговор во врска со процесот на регистрација, ДНИ треба одблизу да ја следат жалбата, обрнувајќи посебно внимание на недоследната или селективна примена на законските одредби, или за каков било показател на политичка мотивираност на одбивањето.

## Ѓ. Изборна кампања

Клучна компонента на работата на ДНИ е да вршат набљудување и да известуваат за предизборната кампања. Покрај средбите со партиите и кандидатите, и следењето на настаните кои се однесуваат на кампањата, ДНИ треба да направат и процена на општата политичка средина во којашто се одвива кампањата, забележувајќи го квалитетот и тонот на кампањата и известувајќи за какво било насилство коешто е политички мотивирано. ДНИ треба да се повикаат на *Прирачникот за набљудување на изборите* за повеќе совети во врска со набљудувањето на изборната кампања.[12]



Почитувањето на граѓанските и политичките права е основно за демократскиот карактер во периодот на кампањата. Сите учесници треба да ја уживаат слободата на здружување, собирање и

[11] Ibid., pp. 39-41.
[12] Ibid., pp. 45-47.

изразување. Поради тоа, тие треба да се во можност слободно да ги изнесат своите пораки од кампањата и да бидат заедно со избирачкото тело, ослободени од секакво заплашување или пречки. Степенот до којшто кампањата овозможува изедначен терен за натпревар на сите учесници е сигурен показател за процената на изборниот процес во неговата целина.

ДНИ треба секогаш да се **среќаваат со водечките партии и со кандидатите** во своите ОнО и со што е можно поголем број од другите партии и кандидати . На таквите средби, ДНИ секогаш треба да ја објаснат нивната улога како набљудувачи на избори и да ги информираат за мандатот на НМИ. ДНИ треба да го побараат мислењето на кандидатите во врск со изборната администрација, кампањата, и за какви било поплаки или тешкотии со коишто тие можеби се среќаваат. Понатаму, ДНИ треба да ги опфатат прашањата какви што се партиските платформи, стратегијата за кампањата и базата за поддршка меѓу населението, со цел, да се добие потемелно разбирање на изборниот процес во контекст. Предложените прашања можат да се најдат во Анексот Д.

Покрај средбите со кандидатите и партиите, ДНИ треба да следат и да **присуствуваат** на што е можно поголем број **настани од кампањите**. Тие треба да утврдат дали партиите се соочиле со пречки во обидот за организирање и одржување на митинзи од кампањите. Во повеќето земји, партиите и кандидатите мораат да се пријават кај локалните власти за да договорат распоред на изборните митинзи и на јавните средби со избирачите. Ова барање, вообичаено, е поврзано со обврската на владата за одржување на јавниот ред. Сепак, во овој контекст, општото правило треба да биде дека на партиите и кандидатите им е дозволена широка слобода за одржување на изборни митинзи на она место коешто тие го одбрале и во време коешто тие го одредиле. За секое одбивање треба да постои добра основа, која се однесува на добри и очигледни причини. ДНИ треба да бидат свесни за секакви неоправдани ограничувања на одржувањето политички собири, или за секаква форма на фаворизирање на некои партиии во однос на други при одобрувањето места за одржување на кампања. Ако на партиите и на кандидатите им се забрани пристап до местата каде што треба да се одржат собирите, ДНИ треба да ги утврдат причините и да направат процена за тоа, дали одбивањето е разумно или нема никакви основи за такво нешто. Кога се присуствува на политички митинзи, ДНИ треба да утврдат дали безбедносните сили се однесуваат соодветно, и доколку се употребува сила, дали таа е употребена на сразмерен начин[13]. Тие, исто така, треба да набљудуваат дали лицата коишто говорат на кампањите употребуваат провокативен јазик. ДНИ треба секогаш да се наоѓаат на разумна дистанца од центарот на настаните, со цел, да се избегне каква било можност да бидат погрешно поврзани со настанот или со организаторите на тој настан.

За НМИ особено се загрижувачки секакви појави на **насилство во кампањата**. Општиот став на НМИ е дека нема место за насилство во демократскиот изборен процес и дека треба се осуди секакво насилство. ДНИ треба веднаш да го известат, преку телефон, главното седиште на НМИ за каква било појава на насилство во кампањата. Во случај на насилство, секој ДНИ треба, прво, да води грижа за сопствената сигурност и за сигурноста на возачот и преведувачот. ДНИ не треба да преземаат никакви ризици или да останат на локација каде што би можеле да бидат во опасност. Како и да е, откако ќе помине опасноста, важно е да се соберат што е можно повеќе информации во врска со инцидентот и да се разбере кој бил одговорен за него. ДНИ треба да разговараат со полицијата,

[13] За повеќе детали, види, Guidelines on Freedom of Peaceful Assembly (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2007), Part II.

политичките партии и оние кои биле присутни и да се обидат да добијат некаква јасна и избалансирана слика за тие настани.

Прашање во врска со оваа тема кое е исто така важно за демократските избори е заштита од **заплашување.** ДНИ треба да алармираат, и да известат за секакви показатели на прекумерни притисоци врз кандидатите, партиите, или избирачите. Во најекстремните случаи, заплашувањето може да вклучи насилство, апсења, притворања или затворање на медиуми. Некои форми на заплашување се посуптилни и поради тоа можеби се и потешки за потврдување. На пример, поединците или медиумите кои поддржуваат определени партии или кандидати можат да бидат предмет на ненадејни даночни ревизии во текот на кампањата. Сопствениците на продавниците можат да бидат заплашени за да не ги поставуваат постерите од одредена партија или кандидат во нивната продавница. На поединците може да им се закануваат со отпуштање од работните места или со бркање од универзитетите поради поддршка на одредени партии и кандидати. ДНИ треба да ги истражи сите наводни пријави за заплашување, бидејќи тие имаат директно влијание врз тоа дали изборите ги исполнуваат заложбите на ОБСЕ. Информациите треба да се пријават во главното седиште на мисијата, којашто ќе утврди дали тие се дел од препознатлива шема на заплашување во земјата или се само изолирани инциденти.

Уште еден можен тренд во кампањите на којшто треба да се внимава е **злоупотребата на јавните ресурси** за поддршка на некоја одредена партија или кандидат. Законите коишто се однесуваат на користењето на јавните ресурси и водењето кампањи од страна на државни службеници се разликуваат од земја до земја. Буквално, во секоја земја, лицата на должност ќе бидат во можност да извлечат одредена предност од својата позиција, барем преку препознавање на нивното име, медиумска покриеност на нивните службени обврски, и јавна препознатливост коишто доаѓаат заедно со нивната функција.

НМИ мора внимателно да процени дали овие привилегии се користат на начин којшто ги надминува законските ограничувања или ги поткопува основните принципи на еднаквост. ДНИ треба да известуваат за тоа каде се злоупотребуваат привилегии кои произлегуваат од мандатот. Примерите за такви злоупотреби можат да вклучат: користење на државен канцелариски простор како партиски штаб; користење на државни возила или друг јавен имот за цели коишто се поврзани со кампањата; во јавните згради се изложени постери само на сегашните функционери, или, повластен пристап до просториите за одржување кампањи кои се сопственост на државата; пристрасност на државните медиуми кон сегашните функционери; примената на притисок врз вработените во јавните претпријатија за поддршка на партијата на сегашните функционери; или барања до вработените во јавниот сектор, студентите, и ученици да присуствуваат на митинзите.

**Финансирањето на кампањите** е друго прашање кое треба да го разгледа НМИ. Генерално, проценувањето на прашањата за финансирање на кампањите многу повеќе ќе биде задача на главниот тим, отколку на ДНИ. Како и да е, ДНИ треба да бидат свесни за правилата за финансирање на кампањата. Тие треба да набљудуваат дали правилата се спроведени за да осигураат еднакви можности, и како финансирањето на кампањата и ограничувањата на трошоците имаат влијание врз кандидатите и кампањата. На пример, ако ограничувањата на трошење се многу ниски, тоа може да резултира со ограничување на можноста на кандидатите да ги искажат своите пораки пред електоратот.

Ако државата обезбедува пари за кандидатите за кампањата, какво било доцнење во исплатата може да има значајно влијание врз кампањата на некои кандидати. ДНИ, исто така, треба да бидат на штрек во врска со показателите за тоа дека кандидатите можеби трошат многу повеќе отколку што се законските граници, непочитувајќи ги барањата да ги откријат своите извори на финансирање, или користејќи средства за давање несоодветни услуги на избирачите. Генерално, финансирањето на кампањите е тешко да се набљудува бидејќи резултатите се добиваат дури по завршувањето на изборите и може да биде тешко да се утврди колку средства биле потрошено за кампањата.

ДНИ треба да посветат посебно внимание на некакви прекршувања на основните граѓански и политички права врз основа на спречување предвремено започнување со кампањата. И покрај тоа што е важно да се осигури дека сите учесници можат да ги започнат своите официјални кампањи во ист




временски период, тоа не значи дека слободата на движење и изразување на потенцијалните кандидати треба да биде ограничена пред започнувањето на официјалниот период на кампањата.

Ова прашање е од особено значење во средини коишто се карактеризираат со големи привилегии што ги носи мандатот.

## Е. Медиуми

Следењето на медиумите е стандардна компонента на НМИ на ОДИХР, со цел, да се исполни задачата содржана во документот од Самитот во Букурешт во 1994 година. Аналитичарот за медиуми на НМИ ќе ја има примарната обврска за набљудување на националната телевизија и поголемите национални весници. Од ДНИ може да се побара и да ги снимаат локалните информативни програми за аналитичарот за медиуми и општо да го следат изборното покривање од страна на регионалните медиуми. ДНИ треба да се повикаат на *Прирачникот за набљудување на изборите* за повеќе насоки за набљудувањето на изборното покривање во медиумите,[14] како и на *Упатствата за медиумска анализа во текот на набљудувачките мисии за избори.*

ДНИ треба да се сретнат со претставниците на регионалните и локалните медиуми за да ги осознаат нивните ставови за кампањата и да добијат слика за улогата на медиумите во изборниот процес. ДНИ треба да бидат свесни за разликите во погледите меѓу државните и приватните медиуми. Медиумите контролирани од државата или јавните медиуми имаат посебна обврска да обезбедат балансирано и непристрасно покривање на кампањата. Приватните медиуми треба да обезбедат одговорно покривање и правичен третман, но, освен ако не постојат спротивни национални закони, не е воопшто необично приватните медиуми да бидат приврзани кон посебна партија или кандидат, или да ги поддржуваат.

Освен средбите со претставниците на медиумите, ДНИ треба да ги прашаат политичките учесници за нивниот

[14] Op. cit., забелешка 10, стр. 48-49.

пристап до медиумите и за нивниот став во врска со тонот и балансираноста на вестите и уредничките презентации. Сепак, имајте предвид дека, голема реткост е да се најде кандидат којшто е задоволен од своето претставување во медиумите. Исто така, вреди да се направи обид за процена на тоа од каде избирачите ги добиваат вестите и дали пораките во јавниот сервис имаат корисно влијание врз едукацијата на избирачите и врз добивањето на гласот. Од ДНИ, исто така, ќе се побара да го набљудуваат и периодот на изборен молк.

## Ж. Родови прашања

Секоја НМИ, во целост, треба да има предвид како изборниот процес влијае и на жените и на мажите кога донесува заклучоци за степенот до којшто изборите ги исполнуваат меѓународните стандарди. Родовите прашања влијаат врз сите аспекти на изборите и затоа се составен дел од работата на НМИ. Во *Прирачникот за следење на учеството на жените во изборите* се обезбедуваат детални информации и насоки за проценувања на родовите прашања во изборниот процес.

Работата на НМИ вклучува и следење на учеството на жените како избирачи, кандидати, и избрани претставници; учеството на жените во улога на лидери во рамките на државните институции; изборните комисии и политичките партии; и како законската рамка и медиумските структури влијае врз жените и врз мажите. Набљудувањето на половите е со намера да се соберат информации и да се направи процена за тоа до кој степен законот и практиката ги исполнуваат меѓународните стандарди.

ДНИ осигуруваат дека НМИ има опсег низ целата земја во собирањето информации за улогата на жените во изборниот процес. Секоја средба со некое службено лице, партиски претставник, претставник на медиумите, или на НВО обезбедува можност да се добие увид во поглед на правата на жените, бариерите за нивното еднакво учество во јавниот живот, и за реформите кои можат да помогнат да се надмине дискриминацијата, онаму каде што постои. ДНИ треба да ги вклучат овие информации во нивните редовни извештаи до главното седиште на мисијата.

## З. Национални малцинства

Како и кај родовите, секоја НМИ треба да има предвид како изборниот процес влијае врз националните малцинства и како се олеснува нивното претставување и учество во изборите. *Упатствата за помош на учеството на националните малцинства во изборниот процес* им обезбедува на ДНИ повеќе информации за набљудувањето на учеството на националните малцинства во изборниот процес.

Доколку е возможно ДНИ во нивната работа треба да обрнат внимание врз националните малцинства, и да направат процена на нивното учество во изборниот процес, како и на нивната вклученост како членови на изборните комисии, како кандидати, и како избирачи. Секоја средба ќе обезбеди можност за процена на ситуацијата со националните малцинства, и ДНИ треба да ги вклучат овие информации во своите извештаи. Генерално, политичкиот аналитичар ќе биде одговорен за анализирањето на информациите во врск со националните малцинства. Сепак, некои НМИ ќе имаат посебен аналитичар за национални малцинства ако тоа го оправдува локалната ситуација. Исто така, ОДИХР често соработува со канцеларијата на високиот комесар на ОБСЕ за национални малцинства.



# 3

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Точното и навремено известување е од витално значење за успехот на НМИ. ДНИ се одговорни за редовно известување на главното седиште на НМИ во врска со нивните активности и наоди, како што се и советувани во текот на воведната брифинг. ДНИ секогаш треба да му ги поднесуваат своите наоди на координаторот на ДНИ, кој ќе ги анализира и понатаму ќе ја проследи информацијата до шефот на мисијата. Наодите на поединечните тимови на ДНИ, заедно со наодите на главниот тим, обезбедуваат основен материјал за јавното известување на НМИ, што вклучува привремени извештаи, изјава на прелиминарни наоди и заклучоци и конечен извештај.

Шефот на мисијата поднесува сеопфатни привремени извештаи до ОДИХР во Варшава. Обично два или три такви извештаи се објавуваат во текот на НМИ и циркулираат меѓу земјите-членки. Затоа ќе се постават крајни рокови за поднесување на поднесоците на ДНИ за јавните извештаи за да се осигури дека информацијата може да биде вметната во целиот извештај на НМИ.

Јавните извештаи на НМИ се објавуваат и читаат не само во земјата- домаќин туку и пошироко. Владините службени лица, изборната администрација, претставниците на политичките партии и на граѓанското општество, како и други, често го читаат секој извештај којшто е издаден од страна на НМИ. Поради тоа, **многу е важно извештаите на НМИ да бидат точни.** Какви било можни неточности, дури и изолирани, нема да се одразат добро врз НМИ.

Мора да се напомене дека поединечните наоди на ДНИ придонесуваат кон составувањето на пошироката слика за изборниот процес, што ги одразува националните трендови засновани врз колективните **наоди на ДНИ.** Поединечните наоди на ДНИ можат да одразат тенденции или да претставаат очекувања. Поради тоа, наодите на поединечните тимови на ДНИ се објавуваат само во контекстот на пошироката слика, преку нивната вклученост во јавните извештаи на НМИ.

Поради тоа, ДНИ имаат обврска да осигураат дека внимателно ги провериле фактите пред да дадат извештај до главното седиште на мисијата. Кога известуваат за своите наоди, ДНИ треба јасно да стават до

знаење дали ја провериле точноста на вклучената информација, особено ако информацијата се темели на озборувања, или ако доаѓа од непроверен или можеби пристрастен извор. Кога и да се сомневаат во нешто, или имаат потреба од совет, ДНИ треба да се консултираат со координаторот на ДНИ.

Освен редовното известување, од ДНИ ќе се бара да присуствуваат на средбите на ДНИ во главното седиште на мисијата, барем еднаш пред почетокот на денот на изборите за да разменат информации во врска со соодветните наоди.

ДНИ ќе добијат ЦД кое содржи обрасци за известување, така што поднесоците на тимовите на ДНИ се подготвуваат на еднообразен начин. Поднесоците треба да се направат по електронски пат, освен ако не постои интернет конекција. Поднесоците треба да изгледаат вака:[15]

**Седмично известување:** ДНИ ќе треба да прават резиме на активностите и наодите врз седмична основа. Координаторот на ДНИ ќе даде совет во врска со тоа кога таквите поднесоци треба да ги прими главното седиште на мисијата. Формата на седмичните извештаи му овозможува на главниот тим лесно да ги извлече информациите, така што ќе може да се вметне придонесот на ДНИ во јавните извештаи на НМИ. Наодите на ДНИ треба да бидат реални и треба да ги изнесат согледувањата за клучните изборни прашања опишани во Поглавјето 2 од овој прирачник. Наодите не треба да бидат ограничени на листи на контакти и активности. Генерално, известувањето треба да биде концизно, а ДНИ треба да го користат здравиот разум. Ако веруваат дека информацијата е од особена важност, тие треба да го разработат предметот и да приложат соодветна документација. Колку што е можно повеќе, наодите или коментарите треба да имаат форма на точки. Во целото известување, многу е важно да се прави разлика меѓу наводните и потврдените инциденти, настани коишто им се пријавени на ДНИ и настани коишто самите ДНИ ги набљудувале. Покрај реалните прашања, седмичното известување вклучува и простор за известување за напредокот на подготовките за распоредување на КНИ.

**Вонредно известување:** Какви било несекојдневни или особено важни настани или текови на настаните веднаш треба да бидат пријавени во главното седиште на мисијата. **Секакви појави на насилство или пречки во активностите на ДНИ мора да бидат пријавени *веднаш, преку телефон,* и да бидат проследени со брзо известување.** Други теми за вонредно известување можат да вклучат сериозни наводи за прекршување на законот или на избирачките права, појави на заплашување, повлекување на кандидатите, судски или административни одлуки коишто влијаат врз изборниот процес, необични или сомнителни одлуки од страна на изборните комисии, или специфични изборни митинзи. Вонредните извештаи треба да бидат кратки и обично ограничени на само една страница.

**Досиеја на специфични случаи:** Некои НМИ користат досиеја на специфични случаи за да следат определени жалби и приговори. Составувањето на досиеја на случаи може да биде долг процес и да одземе доста време. Но собирањето и анализата на таквите досијеа можат да обезбедат важни информации за тоа дали одредени изборни проблеми се работат ефикасно и дали ширум земјата постојат трендови на посебни проблеми кои треба да се решат. НМИ може да создаде база на податоци за да се помогне околу анализата на досиејата за тие случаи.

[15] Примери за обрасци и формулари можат да се најдат во Анексите З, Ѕ, И, и Ј.

Ако постојат упатства од главниот тим, ДНИ треба да подготват и доставaт досиеја на случаите на посебни жалби во врска со изборите коишто ги добиваат од кандидатите, партиските претставници, или други. Кога разговараат со оној којшто ја поднесува жалбата, ДНИ треба да го потсетат лицето дека НМИ не може да интервенира или да го реши проблемот во име на поединец. Тие треба да утврдат дали тужителот веќе претходно се обидел да ја проследи жалбата преку нормални жалбени процедури, вклучувајќи ги тука и изборните комисии и/или судовите, и тие треба да побараат копии од релевантните документи. Ако тужителите не побарале правни лекови преку жалбените механизми коишто се утврени со закон, ДНИ треба да ги поттикне да го сторат тоа. Генерално, треба да се почитува правото на тужителот на доверливост, освен ако тужителот не се откаже од него. Иако тужителот треба да ги обезбеди повеќето неопходни информации за случајот, вклучувајќи и имиња, припадност, пишани документи, и други докази, важно е да се зборува со сите страни, со цел, да се добие целосна информација. Колку што е можно, ДНИ треба да проценат дали жалбата е вистинска или манипулативна, како и дали се темели на погрешно разбирање на правата и правилата или е политички мотивирана.

**Конечни извесштаи:** Пред заминувањето од регионот, ДНИ треба да поднесат конечен извештај во кој се резимираат нивните главни наоди кои се поврзани со нивните ОнО. Ова ќе овозможи да се направи проценка кои информации ќе се вметнат во конечниот извештај на НМИ. Конечниот извештај на ДНИ треба да вклучи препораки за тоа како да се подобри изборниот процес или НМИ на ОДИХР, општо земено. На ваше барање координаторот на ДНИ, ќе обезбеди помош при пишувањето на конечниот извештај на ДНИ.



# 4

# ПОДГОТВУВАЊЕ ЗА КНИ

Со приближувањето денот на изборите, НМИ се фокусира на подготовките за пристигнувањето на КНИ. Главниот тим и ДНИ имаат поделени обврски во однос на распоредувањето на КНИ. Иако во одредени случаи ова изгледа тешко, вреди да се запомни дека извештаите на КНИ се еден од клучните елементи на процената на НМИ. Ефикасноста со којашто НМИ ги распоредува и ги раководи КНИ ќе има големо влијание врз успехот на набљудувањето.

Општите прашања кои се поврзани со пристигнувањето на КНИ ќе бидат детално објаснети во текот на средбите со ДНИ во главниот град и во комуникацијата со координаторот на ДНИ. ДНИ ќе дознаат за бројот на КНИ за коишто тие ќе бидат одговорни, деталите за распоредувањето, и специјални подготовки коишто би биле потребни за регионите. Многу е важно да се има предвид дека бројката на КНИ тимовите, како и нивното распоредување, е нешто што може да се менува сè до последниот момент. Исто така, потребна е голема флексибилност и изготвување на алтернативни планови, и од страна на главниот тим сместен во главниот град и од ДНИ коишто се наоѓаат на терен.

Во суштина, главните тимови прават подготовки за пристигнувањето на КНИ и за нивниот престој во главниот град, за нивното детално информирање во врска со изборите, акредитирањето, распоредување во регионите и нивно заминување. **ДНИ се одговорни за сите подготовки за КНИ во рамките на нивните соодветни ОнО,** вклучувајќи го и планот за регионално распоредување, сместување, обезбедување преведувачи и возачи, регионални брифинзи и дебрифинзи, прибирање на извештаите од КНИ, и тесна координација со КНИ, додека тие се на терен. ДНИ кои се распоредени во главниот град ќе ги имаат, речиси истите обврски како и КНИ во главниот град. Подготвувањето за пристигнувањето на КНИ е една од примарните тековни обврски на ДНИ.

## А. Обврски на главниот тим

Главниот тим ќе направи прелиминарни подготовки за КНИ и, во консултација со ДНИ, ќе направи план за распоредување на сите КНИ низ целата земја, дефинирајќи го бројот на КНИ кои ќе бидат испратени до секоја област на одговорност на ДНИ. Главниот тим ќе



ги постави КНИ во тимови од по двајца од различни земји-членки на ОБСЕ, и, до колку е можно, секој тим ќе биде составен од маж и жена. Планот за распоредување низ целата земја ќе зависи од многу фактори, вклучувајќи го и бројот на КНИ испратени од земјите-членки на ОБСЕ, распределбата на населението низ земјата и од бројот на избирачките места во секоја област на одговорност, како и прашањата во врска со концентрацијата на националните малцинства и постоењето на засилени политички тензии или неправилности во одредена област. Растојанијата, достапноста, комуникациите, времето, и теренот, исто така, мора да се земат предвид.

Главниот тим ги прави сите подготовки за пристигнувањето на КНИ во земјата, и го организира транспортот и сместувањето на КНИ во текот на нивниот престој во главниот град и пред нивното распоредување во рамките на нивните ОнО и распоред за заминување по набљудувањето на денот на изборите. Транспортот до и од нивните ОнО, го организира главниот тим. Исто така, главниот тим добива официјална акредитација за сите КНИ од соодветните национални власти и обезбедува акредитациите да бидат дистрибуирани пред распоредувањето на КНИ во нивните региони. Во зависност од околностите, секој тим на КНИ ќе биде опремен со средства за комуникација, или радија но најчесто станува збор за мобилни телефони.

Главниот тим организира сеопфатен брифинг за КНИ во главниот град пред нивното распоредување во регионите. Главниот акцент на овој брифинг е ставен на специфичните обврски на КНИ за денот на изборите. Брифингот за КНИ ќе ја опфати методологијата на ОДИХР за набљудување на изборите и кодексот на однесување, како и процедурите за гласање и пребројување на гласовите, политичкиот контекст, изборниот систем, периодот на кампањата, медиумите, статусот на малцинствата и статусот на жените во изборниот процес, безбедноста и логистиката. Секој КНИ ќе добие пакет информации и упатства за користењето на формуларите за известување од набљудувањето, коишто треба да се пополнат од страна на набљудувачите на денот на изборите за време на гласањето и пребројувањето на гласовите, и да се вратат во главното седиште на НМИ за нивна натамошна обработка.

## Б. Обврски на ДНИ: Создавање регионален план за распоредување

Откако КНИ ќе пристигнат во регионот каде што ќе треба да ги набљудуваат процедурите на денот на изборите, тие претставуваат обврска на соодветните ДНИ тимови и работат под директен надзор на ДНИ. ДНИ мора да направат сериозна подготвителна работа за нивното пристигнување и распоредување да помине без поголеми проблеми. Една од важните задачи на ДНИ во однос на распоредување на КНИ

е да имаат влијание при изработката на планот за регионално распоредување.

Како што е наведено и погоре, главниот тим ќе изработи план за распоредување на КНИ низ целата земја и однапред ќе ги информира ДНИ за можната бројка на КНИ тимовите, кои треба да се распоредат во рамките на нивните ОнО. Од ДНИ ќе се побара да дадат свој придонес кон овој процес со известувањето на координаторот на ДНИ и на експертот за логистика во врска со важните информации, како и со обезбедувањето ставови во поглед на идеалната бројка на КНИ која е потребна ефикасно да се покрие нивната област на одговорност. Во секој случај, ДНИ треба да имаат предвид дека, главниот тим, исто така, работи со различни ограничувања и мора да исполни одредени услови. Поради тоа, понекогаш ДНИ располагаат со повеќе или помалку тимови на КНИ, отколку што би било идеално.

КНИ на ОДИХР, речиси секогаш се мобилни, се движат од едно до друго избирачко место. Многу ретко имаат задача да бидат стационирани само на едно избирачко место во текот на целиот ден на изборите. Поради тоа, со регионалниот план за распоредување мора за секој КНИ тим да се назначи група на избирачки места за набљудување. Тоа мора да се направи, така што ќе се осигури дека гласањето и пребројувањето на гласовите во ОнО се набљудува што е можно поефикасно и дека се покрива статистички примерок од избирачките места; секоја специфична област на прашања коишто имаат посебно значење адекватно се опфатени од страна на КНИ, и дека КНИ не се преклопуваат при работата едни со други. ДНИ ќе имаат најдобро разбирање за специфичните прашања и околности коишто ги карактеризираат нивните ОнО. Секој регионален план за распоредување на КНИ треба да биде направен, така што најдобро ќе ги искористи испратените КНИ во тој регион и ќе обезбеди покривање на солиден примерок од избирачките места. Планот за распоредување мора да биде готов пред доаѓањето на КНИ.

ДНИ треба да ги имаат предвид следниве критериуми во текот на креирањето на планот за распоредување:

- Урбани центри;
- „Жаришта" коишто произлегуваат од можни локални тензии при кампањите, процедурални неправилности, постконфликтни области, проблеми со евиденцијата на избирачите, итн.;
- Области од специјален интерес, на пример, области населени со малцинства;
- Специјални избирачки места, на пример: воени бази, затвори, болници, и др.;[16]
- Рамнотежа меѓу урбаните и руралните области;
- Разгледување на прашања што се однесуваат за безбедноста и логистиката, како и покривањето на некои области што не може да се оствари поради безбедносни причини, недостаток од транспорт, или тешки услови на патиштата; и
- Оддалеченост и прашања во врска со временскиот распоред на активностите.

За да се зголеми капацитетот на секој тим на КНИ, ДНИ треба да го организираат нивниот регион во области во коишто ќе бидат одговорни КНИ, и да назначат одделени области на одговорност за секој КНИ тим за да се избегнат преклопувања. Кога е возможно, треба да му се даде на секој тим со КНИ посебна листа на избирачки места. Ова е особено важно во урбаните области за да се избегне преклопување на тимовите на КНИ. Иако, вообичаено КНИ посетуваат 10-15

[16] Националните закони обично ги диктираат правата на набљудувачите во овој поглед. Главното седиште на мисијата ќе обезбеди информации за можностите за пристап до овие места.




избирачки места во текот на часовите коишто се предвидени за гласање, поминувајќи на секое место по 30 минути, може да се доделат и поголем број, имајќи предвид дека тие нема да ги посетат сите избирачки места. Освен во посебни околности, секој КНИ тим ќе одлучи за редоследот на посетата на определените избирачки места, и кое место ќе го набљудува во текот на пребројувањето на гласовите. Овој систем помага да се осигури дека КНИ пристигнуваат на избирачките места без посебен редослед. Сепак, од практични причини, КНИ тимовите треба да се поттикнуваат да ја планираат својата маршрута на тој начин што ќе бидат во можност да ја достигнат нивната најдалечна точка на дестинација некаде на половина од денот. Така, тие ќе бидат во можност повторно да се вратат на местата во близина на нивните домови, во времето кога ќе го набљудуваат затворањето и пребројувањето на гласовите.

Од КНИ се бара да ги набљудуваат сите постапки на денот на изборите. Иако гласањето обично трае околу 11-12 часа, работниот ден на еден КНИ се продолжува за многу повеќе од овој период. Идеално, КНИ треба да ги набљудуваат: (1) поставувањето и отворањето на едно избирачко место; (2) гласањето на отприлика 10 избирачки места, околу 30 минути на секое место, вклучувајќи можни повторени посети на истото избирачко место, доколку е неопходно; (3) затворање на гласањето, пребројување на гласачките ливчиња, и евидентирање на резултатите на едно избирачко место. Честопати, од КНИ се бара да го придружуваат материјалот од избирачкото место до изборната комисија на повисоко ниво и таму да ги набљудуваат постапките.

На тој начин, големината на ОнО која е определена за секој тим на КНИ треба да биде реална и остварлива. Назначувањето на КНИ од страна на ДНИ треба да има предвид расположливост на соодветно сместување, оддалеченоста со автомобил, времето на патување, условите на патот и временските услови. Кога се распоредуваат тимови на КНИ подалеку од регионалниот центар, ќе треба да се направат посебни подготовки за да се осигури лесна комуникација за безбедносни цели и за пренос на формуларите за извештаи од набљудувањето. Запомнете дека некогаш околностите во последен час бараат КНИ да бидат прераспределени и дека може да има некои задоценти дополнувања или или некој воопшто да не се појави. ДНИ ќе треба да бидат флексибилни и да имаат добри резервни планови за сите можни случаи.

Безбедноста и сигурноста на набљудувачите се врвен приоритет и секогаш мораат сериозно да се земат предвид кога се формулира планот за распоредување. Експертите за безбедност и логистика ги советуваат ДНИ доколку движењето во одредени делови од земјата е забрането или делумно ограничено за КНИ. Понатаму, експертот за безбедност ќе побара информација од страна на ДНИ во врска со каква било ситуација во нивниот регион за којашто е потребно посебно размислување или разгледување. ДНИ

треба да дискутираат за безбедносните прашања со локалната администрација и со меѓународните организации присутни во нивните ОнО.

## В. Обврски на ДНИ: Брифинзи за КНИ

Друга важна обврска на ДНИ е да обезбедат брифинзи со специфични информации за регионот за КНИ. Ова може да биде во главниот град по општиот брифинг за КНИ или по нивното пристигнување во регионите. Регионалниот брифинг за КНИ може да биде краток, во зависност од тоа дали условите во регионот значајно се разликуваат од националниот преглед обезбеден за време на општиот брифинг за КНИ.

Регионалниот брифинг треба да опфати детали во врска со ОнО на ДНИ, вклучително и:

- Природата на предизборната кампања;
- Состојбата на подготвеност на локалните службени лица;
- Демографскиот склоп, вклучувајќи го учеството на националните малцинства и на жените во јавниот живот;
- Какви било посебни локални прашања коишто претставуваат загриженост за денот на изборите;
- Вклученоста на групите домашни набљудувачи во ОнО;
- Логистика и подготовки за испраќање на формуларите за известување и враќање на КНИ во главниот град;
- Какви било посебни совети или упатства кои ДНИ можат да им ги дадат на КНИ.

ДНИ треба да ги претстават своите информации на фактички и објективен начин, а не да ги наведат КНИ да формираат предвремени заклучоци за спроведувањето на гласањето.

Брифинзите, обично се од особен интерес за КНИ, затоа што тие претставуваат прва можност за КНИ да се запознаат со своите партнери и со ДНИ. Освен усните информации, тимовите на ДНИ мораат да подготват информативен пакет за секој КНИ со специфични информации, неопходни за нивниот престој во регионот. Основната содржина на пакетот треба да вклучи:

- Листа на броеви за контакт којашто треба да ја носат постојано со себе, вклучувајќи телефонски броеви на ДНИ, имиња и броеви за контакт на преведувачот и возачот, и броеви на локалната полиција и болници за итни случаи;
- Распоред на времето и местото на состаноците и брифинзите, времето на заминување на терен на денот на изборите, специјални информации за логистика на денот на изборите, каде и кога да ги пратат или пренесат извештаите од набљудувањето, и термините за заминување кон главниот град заради враќање дома;
- Мапа на територијата за покривање на денот на изборите;
- Листа на избирачки места во нивните ОнО;
- Телефонски број и адреса на изборниот орган на посредничко ниво задолжен за нивната ОнО и местото/местата каде што службените лица на избирачките места ќе ги донесат материјалите и резултатите по затворањето на избирачките места и пребројувањето;
- Список на факти со општи информации за областа; и
- Информации за ресторантите, местата од локално значење, места за размена на пари, продавници, безбедна храна, вода за пиење, и информации за лична безбедност.



## Г. Обврски на ДНИ: Извештаи на КНИ

За ДНИ е важно да направат соодветни подготовки за навремено испраќање на формуларите за набљудување на КНИ. ДНИ треба да пронајдат факс-машини на погодни локации за КНИ, во местото на нивното сместување или на нивната маршута за време на набљудувањето. Таквите капацитети треба да се наоѓаат на соодветна локација, т.е. не во канцеларија на политичка партија и општо не во владини канцеларии. Доколку не се достапни факс-машини, можеби ќе биде потребно да се постави систем на безбедни локации за оставање на пополнетите формулари со извештаите, со воспоставен курирски систем за да се осигури дека навреме се доставени до главното седиште на мисијата. Формуларите се чувствителни и мора секогаш да се чуваат. Тие не смеат да се оставаат на чување на лица коишто не се поврзани со мисијата.

КНИ мораат да осигураат дека за какви било сериозни инциденти веднаш треба да ги известат ДНИ или главниот тим и дека тие се забележани во формуларот за известување, каде што има посебно место за оваа намена. ДНИ мораат да осигураат дека е поставен соодветен комуникациски план за да се исполни ова барање. Информациите за сериозни инциденти кои им се пријавуваат на ДНИ мора веднаш да се проследат до главниот тим.

Координаторот на ДНИ ќе издаде посебни упатства за прибирање повратни информации од КНИ и за навремено известување на главното седиште во врска со нивните наоди, за таквите информации и наоди да бидат вклучени во прелиминарниот извештај на НМИ. Ова претставува натамошно барање, покрај доставувањето формулари на КНИ, со што и се овозможува на НМИ да добие увид во трендовите и впечатоците и да ги стави во контекст сите дополнителни информации коишто можеби не се јасни од анализата на формуларите. Ова регионално прибирање повратни информации може да се врши на многубројни начини. Најчесто, ДНИ се среќаваат или поединечно зборуваат со тимовите на КНИ по завршување на денот на изборите за да ги соберат првичните впечатоци и да ги пренесат понатаму. Алтернативно, ДНИ можат да организираат групен состанок за прибирање повратни информации (дебрифинг) од КНИ во нивниот регион и да го известат главниот тим во врска со клучните наоди. Во секој случај, важно е да се придржуваат до крајните рокови за известување, изнесени од страна на главниот тим, така што известувањето ќе стаса на време за да се употреби во подготовката на изјавата за прелиминарните наоди и заклучоци.

Иако ДНИ зборуваат со секој тим на КНИ поединечно во однос на нивните општи заклучоци, сепак, може да биде потребно (доколку е можно) да се закаже регионален состанок за дебрифинг каде што целата група КНИ ќе може да ги сподели искуствата и ќе даде сопствен опис на изборите. Овој состанок за дебрифинг треба да се случи пред нивното заминување кон главниот град. Кога е возможно, главниот тим ќе закаже дополнителен групен состанок за прибирање повратни информации од КНИ, пред да заминат назад дома. Таквиот централен состанок, исто така, ќе им овозможи на КНИ да се здобијат со поширока слика за спроведените избори.

ДНИ треба да осигураат дека се направени подготовки за заминување на КНИ, и дека сите КНИ се свесни за времето и собирното место за нивното враќање во главниот град. Во многу случаи, заминувањето кон главниот град може да уследи веднаш по регионалниот дебрифинг.

## Д. Обврски на ДНИ: Сместување на КНИ

ДНИ се одговорни за наоѓање соодветно сместување за секој КНИ во рамките на нивните ОнО. Ова мора да се организира пред пристигнувањето на КНИ.

Сместувањето ќе биде по можност во хотели, но во исклучителни услови може да биде во приватно сместување или во други капацитети доколку е неопходно. Кога се идентификуваат можностите, ДНИ треба да ги земат предвид:

- Цената во однос на стапките на дневниците;
- Достапност на електрична енергија и топла вода;
- Можности за комуникација, како што се електронска пошта, телефон, факс, итн.;
- Лична безбедност и сигурност на личните работи;
- Соодветност во поглед на областа на набљудување и распоредувањето во и назад во главниот град; и
- Место за држење состаноци.

Кога и да е возможно ДНИ треба лично да го посетат секое место за сместување за да се осигураат дека е соодветно. Пред пристигнувањето КНИ се советувани дека во некои случаи достапното сместување може да е скромно или дека можеби ќе треба да го делат сместување. Кога се прават резервации за КНИ, ДНИ треба јасно да дадат до знаење дека секој КНИ ќе биде одговорен за плаќање на сопствената сметка за сместувањето.

## Ѓ. Обврски на ДНИ: Ангажирање локални помошници на КНИ

Ангажирањето компетентни преведувачи и сигурни возачи е од основно значење за успешноста на работата на КНИ. До оној степен до којшто е можно, возачите и преведувачите треба да бидат ангажирани од истата заедница или област каде што КНИ ќе вршат набљудување. Ова ќе осигури дека тие се запознати со областа и дека имаат можност да гласаат. Секој тим на КНИ ќе има еден преведувач и еден возач.

Во некои случаи, главниот тим може да ги снабди ДНИ со контакт информации за преведувачите и возачите во рамките на нивните ОнО, коишто успешно работеле со претходните НМИ на ОДИХР. При барањето дополнителни имиња, ДНИ треба да направат проверка кај релевантните меѓународни организации, универзитети, јазични училишта, и други контакти, коишто ги имаат во текот на активностите. Честопати, ДНИ ќе можат да дадат оглас на универзитетите. Можно е и да се дадат огласи во локалните весници. Преведувачот и возачот на ДНИ, веројатно, ќе можат да помогнат со натамошни предлози за ангажиарање повеќе кадар. Доколку сè друго не успее, ДНИ треба да се консултираат со главниот тим за добивање натамошна помош.

Списокот на потенцијални возачи и преведувачи треба да го надмине бројот на тимови на КНИ којшто се очекува, за да се осигури дека може да се избере алтернатива доколку некој се разболи или не е достапен. Во текот на интервјуирањето на кандидатите, сепак, треба да биде јасно дека нема да се преземаат обврски за вработување додека бројот на тимови на КНИ не се финализира. Исто така, важно е да им се разјасни на преведувачите и возачите дека ќе бидат директно исплатени од страна на тимовите на КНИ. Трошоците за гориво меѓусебе ќе ги подели тимот

врз основа на признаници или утврдени стапки.

При ангажирањето на целиот кадар, ДНИ треба да ја нагласат доверливоста на работата и особено дека секој којшто работи за НМИ како преведувач или возач треба да се откаже од сите политички активности и дека ќе се однесува на политички неутрален начин за време на целиот период на ангажманот. Исто така, ДНИ треба да осигураат дека потенцијалниот кадар е свесен за долгите работни часови и точните услови на вработување, вклучувајќи го и надоместувањето. И покрај тоа што ќе се направат сите напори за да се овозможи ангажираните работници да гласаат, сепак постои можност во текот на набљудувањето да не биде возможно тие да стигнат до нивните избирачки места на денот на изборите. Доколку постојат законски одредби за алтернативни гласачки методи, какви што се предвременото гласање или гласањето во отсуство, ДНИ треба да го поттикнува кадарот да ги искористи таквите механизми.

Сите перспективни преведувачи треба да бидат интервјуирани за да ја потврдат својата подобност. Оние кои се ангажирани мораат да добијат глосар со изборна терминологија за да го проучат пред денот на изборите. Дури и кога некој член на тим на КНИ го говори локалниот јазик, сепак, неопходно ќе биде за тој тим да има преведувач за да двата члена на тимот имаат полн пристап до целосните и еднаквите информации при извршувањето на своите набљудувачки должности.

При регрутирањето возачите, ДНИ треба да осигураат дека тие имаат важечка дозвола и осигурување. ДНИ треба лично да го погледнат секое возило за да осигураат дека е безбедно, и дека е прилично удобно и претставително. За набљудување во текот на зимската сезона, треба особено да се поттикнува користењето гуми за снег, а синџирите за гуми треба да се користат доколку е можно. Се претпочитаат автомобили со четири врати. За посебните терени може да бидат потребни возила со погон на четири тркала. Станува збор за предност доколку возачите говорат малку англиски јазик и ако имаат мобилен телефон, иако ниту една од ова не претставува обврска.

Корисно е да се одржи состанок со сите локално ангажирани помошници пред денот на изборите, на коишто ДНИ можат да се претстават себеси и да ја објаснат природата на работата и што се очекува од возачите и преведувачите во текот на целиот ден на изборите и во ноќта. Овој состанок може, исто така, да послужи за да се прегледаат поединостите, на пример, да се наполнат мобилните телефони, да има гориво во автомобилите, договорите да се во најдобар ред, маршрутите да се испланирани, итн.

## Е. Обврски на ДНИ: Координација на КНИ на денот на изборите

Денот на изборите е напорен ден за ДНИ. ДНИ можеби нема да бидат во можност да ги видат повеќето од нивните КНИ на денот на изборите, па треба однапред да осигураат дека сите се добро информирани во врска со подготовките за денот на изборите, особено за времето, маршрутите, поднесувањето на формуларите за набљудување и други постапки за известување. ДНИ ќе треба внимателно да планираат за да осигураат дека сите аспекти на набљудувањето функционираат ефикасно во нивната област на одговорност. Иако самите ДНИ ќе сакаат да посетат неколку избирачки места на денот на изборите, нивните примарни обврски се да вршат надзор врз набљудувањето на КНИ во нивниот регион. Тие треба да бидат во состојба да соберат повратни информации од КНИ во текот на денот, да ги истражуваат посериозните изборни проблеми, коишто можат да се појават

во ОнО, и да останат во контакт со главното седиште на мисијата.

Како основни упатства, ДНИ треба:

- Да осигураат дека тимовите на КНИ го организирале утринското заминување доволно рано за да бидат во можност да го набљудуваат отворањето на избирачките место;
- Да подготват распоред за КНИ за тоа кога да им се јават или да се состанат со ДНИ во текот на денот;
- Да останат достапни за одговори на повиците на КНИ и за инциденти кои можат да се случат;
- Да ги известуваат главниот тим/ координаторот на ДНИ во текот на денот како што е пропишано;
- Да осигураат дека комуникациите функционираат, за испраќање на формуларите за известување по факс;
- Да осигураат дека сите КНИ безбедно се вратиле во местото каде што се сместени.

По набљудувањето на пребројувањето во избирачкото место, од КНИ обично се бара да ги проследат гласачките ливчиња и другиот изборен материјал до регионалните изборни комисии и да го набљудуваат севкупниот процес на сумирање на резултатите на тоа ниво (или на дел од процесот). Овие информации се важни за проценување на интегритетот на сумирањето и преносот на резултатите. Во определени случаи, некои КНИ треба да започнат со своите набљудувачки активности подоцна во денот и да го сосредоточат вниманието на пребројувањето и процесот на сумирање. Главниот тим ќе обезбеди посебни упатства за секое набљудување во регионалните изборни комисии. Доколку ова претставува дел од набљудувачката методологија, тоа, исто така, ќе има влијание и врз тоа како ДНИ ги подготвуваат своите планови за регионално распоредување.

## Ж. Обврски на ДНИ: КНИ од парламентарните набљудувачки групи и локално регрутирани дипломати

Препознавајќи ја вредноста на соработката со парламентарните набљудувачки групи, ОДИХР е целосно посветена на соработката со Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), со Парламентарното собрание на Советот на Европа, Европскиот парламент, и, повремено, со Парламентарното собрание на НАТО, и потенцијално со други парламентарни групации коишто сакаат да се приклучат кон некоја меѓународна набљудувачка мисија на избори во рамките на методологијата на ОДИХР за набљудување избори. Во контекстот на изборите за локални државни власти, ОДИХР честопати соработува со Конгресот на Советот на Европа за локални и регионални власти во Европа.

ОДИХР има воспоставено редовни практики и процедури за поддршка и соработка со соодветните парламентарни органи, вклучувајќи обезбедување брифинзи за парламентарните набљудувачи и логистичка поддршка за нивното распоредување. Главниот тим на ОДИХР обично опфаќа офицер за врски со парламентарните групи којшто го олеснува извршувањето на овие подготовки. Заедничките напори за набљудување на денот на изборите се спроведуваат во името на соодветните организации и вклучително под покровителството на меѓународната набљудувачка мисија на изборите.

Во однос на соработката на ОДИХР со ПС на ОБСЕ, двата органа разменуваат информации во текот на целиот изборен процес, а ПС на ОБСЕ редовно е поканета да ги придружува мисиите на ОДИХР за процена на потребите. Понатаму, претседавачот со ОБСЕ може да назначи виш член на ПС на ОБСЕ да биде специјален координатор и да го предводи краткорочното набљудување

за определени избори. Откако ќе биде наименуван, специјалниот координатор ја дава прелиминарната постизборна изјава заедно со шефот на мисијата и водачите на делегациите од другите парламентарни собранија.

Главниот тим ќе ги советува ДНИ доколку меѓу тимовите на КНИ се наоѓаат парламентарци испратени во нивните ОнО. Распоредувањето и враќањето на парламентарните КНИ во нивните земји веројатно ќе се случи во друго време отколку она планирано за другите КНИ, а исто така, можат да бидат потребни и други посебни подготовки. Потребен е флексибилен пристап. **Мора да се посвети соодветно внимание за да се направат соодветни подготовки за парламентарните набљудувачи.**

Исто така, честопати како знак на љубезност, ОДИХР како набљудувачи прифаќа неколку членови од меѓународниот персонал предложени од локалните амбасади на земјите-членки на ОБСЕ. Локално ангажираните КНИ го надополнуваат вкупниот број на КНИ за коишто ОДИХР бара да бидат назначени од страна на земјите-членки, и тие треба да се сметаат за симболичен, повеќе отколку материјален, придонес. Најчесто, тие самите си обезбедуваат возачи и преведувачи, а повремено ќе се распоредуваат во тимови од по двајца од истата амбасада. Најчесто, локално ангажираните КНИ се вметнуваат во општите планови за распоредување составени од страна на ДНИ врз истата основа како и назначените КНИ. Тие треба да учествуваат на регионалните брифинзи и состаноци за прибирање повратни информации (дебрифинзи), и треба да пополнуваат редовни формулари за набљудување и да се придржуваат до другите упатства на НМИ.

# 5

# АДМИНИСТРАЦИЈА И ФИНАНСИИ

ОДИХР посветува големо внимание на домаќинско управување со ресурсите. ДНИ се одговорни да даваат детален отчет за сите средства коишто им се дадени на располагање. Финансискиот службеник на НМИ ќе им обезбеди на ДНИ посебни совети и упатства, и ќе биде достапен за помош на ДНИ во врска со какви било проблеми поврзани со финансиите. За да се олесни стандардизирањето на администрацијата и финансиите на мисијата, на ДНИ ќе им бидат дадени печатени копии или електронски верзии на стандардните формулари и обрасци.

Надоместокот на назначените ДНИ им се исплатуваат директно или од страна на соодветната држава којашто ги испраќа. **ДНИ треба да пристигнат во земјата со доволно средства со коишто ќе ги покријат трошоците за живот и ситните трошоци за текот на целиот престој, бидејќи НМИ нема да биде во можност да им помогне за овие трошоци или да обезбеди аванс од името на некоја влада.** Пред да пристигнат во земјата, ДНИ треба да имаат јасно разбирање за тоа што очекува нивната влада од нив, во поглед на управувањето со обезбедените пари (на пример, чување на признаниците, итн.). ДНИ чијашто дневница ја финансира ОДИХР преку Фондот за зајакнување на диверсификацијата на набљудувачките мисии за избори ќе добијат соодветни упатства.

ОДИХР ќе ги покрие трошоците на ДНИ поврзани со операциите во рамките на нивните соодветни ОнО во согласност со буџетот на ДНИ тимот. Дозволените трошоци на ДНИ опфаќаат:

- Плати за преведувачот и возачот на ДНИ и трошоците поврзани со тоа, како што се бензин, трошоци за паркирање, патарини;
- Канцелариски материјали;
- Трошоци за копирање;
- Трошоци поврзани со службените телекомуникации и инсталација и користење електронска пошта;
- Трошоци за патување меѓу главниот град и ОнО за почетно распоредување и враќање, и за состаноците кои ги свикува главното седиште на мисијата; и
- Трошоци за патување во рамките на ОнО на ДНИ тимот, кои однапред ги одобрува финансискиот службеник.

Дополнителните трошоци коишто не се однапред предвидени во буџетот мора да бидат одобрени од страна на шефот на мисијата и финансискиот службеник.

За да се покријат овие трошоци, ДНИ ќе добијат средства како оперативна готовина во неколку рати. Средствата обично се во американски долари или евра и во локалната валута. Во случај ако недостигаат средства во локална валута, ДНИ мора да добијат потврди за размена на пари на коишто се посочени износите во американски долари или

евра и локална валута кога ги менуваат овие пари во локална валута. ДНИ мора да осигураат дека сета готовина соодветно се чува. **ДНИ мора да добијат оригинална фактура или признаница за секое плаќање кое го вршат.** Во некои случаи, доколку продавачот не издаде фактура, таа може да се замени со ваучер за исплата.[17] ДНИ мора да ги документираат трошоците во согласност со упатствата обезбедени од страна на финансискиот службеник.

Оперативните средства кои им се издаваат на ДНИ мора да се објаснат, порамнат и евидентираат од страна на финансискиот службеник во текот на состаноците на ДНИ врз основа на поткрепувачка документација: признаници (преведени на англиски), договори и ваучери за исплата. Новата рата се исплатува по делумното порамнување врз основа на нивото на трошење на секој тим и планираните активности. По завршувањето на мисијата, финансискиот службеник ќе изврши ревизија на преостанатите средства и ќе направи конечна евиденција на расходите пред враќањето на ДНИ дома, во своите земји. Со цел, упростување на ревизијата кога се дава отчет за порамнетите средства, од ДНИ се бара да ги залепат со селотејп или лепило сите признаници на листови хартија од А4 формат одделени според следниве категории:

- Признаници/ваучери за исплата за исплати во американски долари или евра;
- Признаници/ваучери за исплата за исплати во локална валута;
- Потврди за размена (доколку постојат); и
- Копии од договори.

Вработувањето на локално ангажираниот кадар, вклучувајќи ги преведувачите и возачите, мора да се потврди со договор. Експертот за логистика ќе обезбеди обрасци, како и список на дополнителни потребни документи. Завршените и потпишани договори (оригинали) заедно со други релевантни документи мора да се вратат во главното седиште на мисијата. Пожелно е да се подготват два оригинални договора, по еден за секоја страна во договорот. Дури и кога постои формален договор, сепак, мора да има поткрепа од фактура или ваучер за исплата за сите исплати поврзани со договорот. Ќе се направи секаков обид за да се обезбедат копии од договорите на локалниот кадар и на англиски и на локалниот јазик, но верзијата на англиски јазик секогаш е онаа обврзувачката.

Платата за возачите и преведувачите на ДНИ треба да се издава во согласност со распоредот советуван од страна на главното седиште на НМИ. Од локално ангажираниот кадар се бара да води евиденција за присуството и прекувремената работа, врз основа на што се врши исплата на платата во согласност со обезбедените услуги. Оригиналната евиденција треба да се придодаде кон ваучерот за исплата.

Пред да заминат од своите ОнО, ДНИ треба да се сретнат со своите сопствениците на имотот што го користеле под закуп, како и со можните добавувачи, за да ги извршат конечните плаќања, да ги добијат конечните признаници, да ги предадат клучевите и да ја вратат изнајмената опрема. **ДНИ не смеат да имаат неподмирени сметки кога ја напуштаат својата ОнО.**

[17] Примерок од формуларот за ваучер за исплата може да се најде во Анекс К.

# 6

# УЛОГАТА НА ДНИ ПРИ ЗАТВОРАЊЕ НА МИСИЈАТА

## А. Дополнителни и проштални средби

Откако КНИ ќе отпатуваат назад во главниот град за да се вратат дома, од ДНИ, се бара да останат на терен уште неколку денови за да продолжат да ги следат клучните аспекти на изборниот процес и да извршат куртоазни проштални посети. Главниот тим ќе ги информира ДНИ за, сите специфични прашања за коишто е потребно да продолжи следењето. **ДНИ би требало да направат поздравен разговор со клучните контакти, вклучувајќи ги регионалните или локалните службени лица, изборната администрација, лидерите на политичките партии и НВО, и други со коишто соработувале во текот на набљудувањето.** Овие средби, исто така, треба да се искористат за осознавање на постизборните ставови и размислувања во врска со развојните текови поврзани со изборите.

## Б. Административно затворање на мисијата

Има голем број логистички и други битни активности кои мора да се преземат за да се затвори НМИ на ОДИХР. По денот на изборите, сите КНИ ќе се вратат што е можно поскоро во главниот град и ќе ги завршат сите неопходни процедури на презентирање на информациите и согледувањата (дебрифинг) пред да заминат. ДНИ треба да останат во своите региони неколку денови подолго, во зависност од локалните околности, да ги набљудуваат преостанатите елементи на изборниот процес пред да се вратат во главниот град за конечни состаноци за презентирање на резултатите од набљудувањето со главниот тим и последователното заминување.

Друг аспект на процедурите на затворање е подготвување на потребните документи за поднесување до главното седиште на мисијата. ДНИ треба да ги чуваат сите битни документи кои би можеле да бидат корисни за составување на конечниот извештај на НМИ или за потребно натамошно следење, на пример, докази или сведоштва за жалбите во врска со изборите. Исто така, може да биде корисно да се чуваат списоците на возачите, преведувачите, контактите и избирачките места, како и мапи и материјали подготвени за КНИ; овие можат да бидат многу корисни во случај на набљудување на повторени или идни избори.

Сите овие материјали треба идеално да бидат во електронски формат и да се ископираат на ЦД за главното седиште. Копиите од сите важни извештаи на ДНИ тимот, исто така, треба да бидат на ЦД. Сите документи кои се достапни само во печатена форма, а не во електронска форма, треба да се организираат во што

помалку папки, по можност само една, или да се скенираат за да се придодадат на ЦД. Потрудете се дека никакви документи, било во електронска или хартиена форма, не остануваат во ОнО. Материјалите треба безбедно да се уништат или да се однесат во главното седиште на мисијата за да се уништат.

Лаптоп-компјутерите треба да се вратат откако ќе се отстранат сите документи, така што се подготвени за употреба за следната набљудувачка мисија. За оние коишто изнајмуваат компјутер, особено е важно тој да се врати „чист“ и без документи или обрасци на мисијата, коишто ќе останат на меморискиот диск. ДНИ треба да запомнат да ја испразнат кошничката за отпадоци на компјутерот и да осигураат дека лап-топ компјутерите и мобилните телефони обезбедени од страна на мисијата се во добра состојба и се подготвени за враќање со сите периферни уреди во употреблива состојба.

Поради потребата од јавувања за збогување и финализирање на административните прашања, ДНИ треба да започнат со процесот на затворање на регионалните операции неколку денови пред нивното одредено заминување во главниот град, со цел, враќање дома.

Главното седиште на мисијата ќе определи одредено време за секој ДНИ да се состане со финансискиот службеник и со експертот за логистика заради конечно финансиско порамнување и враќање на опремата.

Нормално, главниот тим ќе определи конечна средба за прибирање информации од ДНИ на ден или два пред нивното закажано заминување од земјата. Овој состанок има за цел, споделување на конечните анализи и заклучоци во врска со изборите, како и за наодите и препораките на НМИ за натамошно дејствување. Тој, исто така, е и форум за дискусија и оцена на организацијата и ефикасноста на самата НМИ и за развивање препораки за идни мисии. На овие прашања ќе им се посвети внимание заедно со повратните информации од страна на КНИ. Информациите од ДНИ се од непроценливо значење во помошта на ОДИХР да ги исполни највисоките можни стандарди.

# АНЕКСИ

# Анекс А

## Список на клучните задачи и обврски на ДНИ

### Запознајте се со областа на вашата одговорност:

- Известете го координаторот на ДНИ кога сте пристигнале во областа на вашата одговорност;
- Доколку не сте задоволни со работата на преведувачот или возачот, ангажирајте други;
- Најдете и изнајмете сместување коешто, исто така, може да ви послужи како канцеларија;
- Воспоставете врски за комуникација со седиштето на мисијата (телефон, факс, електронска пошта);
- Стапете во контакт со координаторот на ДНИ и со експертот за логистика за да ги информирате за за горенаведените детали и за други можни проблеми на коишто ќе треба да им се обрне внимание.

### Организирајте состаноци за запознавање и претставете се себеси и НМИ на:

- Регионалните и локалните владини службени лица;
- Регионалните и локалните владини изборни службеници; координирајте ги овие состаноци со аналитичарот на избори;
- Регионалниот и/или локалниот шеф на полиција; координирајте ги овие состаноци со експертот за безбедност;
- Регионалните канцеларии на главните политички партии; координирајте ги овие состаноци со политичкиот аналитичар;
- НВО, какви што се домашните набљудувачи, групите за човекови права и женските организации; координирајте ги овие состаноци со политичкиот аналитичар; и
- Други водачи во заедницата или лица кои поседуваат информации (малцински групи, медиуми и универзитетски лица доколку се релеавнтни, итн.).

### Набљудувајте го следното:

- Работата на изборните комисии и нивните подготовки за денот на изборите;
- Изборната кампања;
- Ситуацијата со граѓанските и политичките права во поглед на изборите;
- Регионално медиумско покривање; и
- Можни изборни спорови и судски случаи.

### Одговорете на можните барања на НМИ релевантни за вашата ОнО, какви што се:

- Да истражувате специфични обвинувања или тврдења; и
- Да собирате дополнителни информации за специфични прашања поврзани со изборниот процес или активностите за набљудување на изборите.

### Редовно известување на НМИ:

- Редовни телефонски контакти, најмалку двапати седмично или според инструкциите од координаторот на ДНИ;
- Седмично известување и итно известување; и

- Директни телефонски извештаи за случаи на насилство или мешање во вашите активности.

## Направете подготовки и обезбедете целосна поддршка на КНИ:

- Подгответе регионален план за распоредување;
- Направете логистичка организација, обезбедувајќи возачи, преведувачи и сместување;
- Воспоставете систем за известување;
- Информирање и прибирање повратни информации од КНИ; и
- Контролирајте го целокупното набљудување на денот на изборите и извештаите во вашиот регион.

## Следете ги финансиските и административните упатства:

- Обезбедете сметки за сите расходи;
- Осигурете се дека сиот персонал има соодветни договори за работа; и
- Следете ги процедурите за затворање на НМИ.

# Анекс Б

## Список на задачите за ДНИ за подготовка за распоредување на КНИ

Придонесете кон подготвување на планот за распоредување во соработка со заменик-шефот на мисија и со експертот за логистика:

- Дефинирајте ги можните области за набљудување за секој тим на КНИ:
  - ✓ Прибавете или подгответе мапи на областите за набљудување;
  - ✓ Прибавете списоци на релевантните изборни органи и локациите на избирачките места;
- Идентификувајте ги приоритетните избирачки места, доколку е потребно;
- Организирајте посета на специфични избирачки места, какви што се воени установи, затвори, болници, итн.; и
- Идентификувајте тимови на КНИ за набљудување на сумирањето на резултатите во регионалните/локалните изборни комисии.

### Регрутирање возачи и преведувачи:

- Ангажирајте доволен број преведувачи и возачи, вклучително и нивна замена; и
- Доколку е потребно организирајте возачите и преведувачите да ги сретнат КНИ веднаш по нивното пристигнување во областа на нивна одговорност.

### Организирајте сместување:

- Организирајте сместување за секој КНИ, вклучувајќи ги и тие коишто се распоредени подалеку од регионалната база; и
- Потврдете ги можностите за комуникација преку телефон и/или факс машина, или други **алтернативни можности.**

### Подготвување брифинг за КНИ:

- Изберете и потврдувете го местото за регионалниот брифинг за КНИ;
- Подготвувете презентација со регионален преглед;
- Подгответе информативен пакет за КНИ, вклучувајќи:
  - ✓ Мапи, списоци на избирачки места и списоци на регионални/локални изборни органи;
  - ✓ Информативни листови кои се однесуваат на специфични области на покривање и места со приоритетно значење;
  - ✓ Список на факс броеви на кои се испраќаат извештаите од набљудувањето;
  - ✓ Список на броеви за контакт со ДНИ, главното седиште и службите за итни потреби;
- Распоред за денот на изборите, вклучувајќи ги термините за известување и испраќање извештаи по факс.

### Координација на денот на изборите:

- Распоред на локациите и времето за заминување на КНИ;
- Определете го времето кога КНИ ќе ги достават извесштаите до ДНИ;
- Организирајте пристап до факс-машини за пренос на извештаите од набљудувањето за време на денот на изборите;

- Редовно контактирајте со КНИ и известувајте го координаторот на ДНИ во врска со нивните наоди;
- Организирајте прибирање на информации од КНИ откако е завршено набљудувањето на процедурите на денот на изборите; испратете резиме на заклучоците на КНИ до координаторот на ДНИ за прелиминарна изјава; и
- Подготовете список за евиденција на сите тимови на КНИ.

## Денот по изборите:

- Организирајте состаноци за прибирање повратни информации од КНИ и подгответе резиме со регионалните наоди и заклучоци;
- Организирајте го времето за превоз на КНИ назад до главниот град.

# Анекс В

## Предложени прашања за изборните комисии

### Метод на именување и општи должности:

- Како се именуваат членовите на комисијата?
- Дали некои членови дале отказ или биле отстранети од функција?
- Дали е обезбедена обука за комисијата? Доколку е така, од кого?
- Дали на комисијата и се обезбедени доволни ресурси за извршување на нивните обврските?
- Дали комисијата се потпира врз соработка со регионалните или општинските власти за извршување на некои изборни задачи, како што се:
  - ✓ Подготвување на избирачките списоци?
  - ✓ Заверка на петициите за поддршка на некоја партија или кандидат?
  - ✓ Регистрација на партии, кандидати, или кандидатски листи?
  - ✓ Формирање на избирачките одбори?
  - ✓ Одобрение на барањата за одржување партиски митинзи и други настани за кампањата?

### Застапеност на политичките партии во комисиите:

- Дали на политичките партии им е дозволено да имаат претставници во избирачките комисии?
- Дали опозиционерските партии се целосно вклучени во дискусиите?
- Дали некои партии доминираат во поглед на бројот на членови? На водечките позиции?

### Вклучување жени и национални малцинства:

- Постои ли рамнотежа меѓу мажите и жените во изборните комисии?
- Колкав дел од водечките позиции (претседавачи, заменици-претседавачи, секретари) ги извршуваат жени?
- Дали националните малцинства се застапени во изборните комисии?
- Доколку жените или националните малцинства се недоволно застапени во комисиите, кои околности или пречки го попречуваат нивното учество?

### Непристрасност (независност) на изборните комисии:

- Кој раководи или ја надгледува комисијата? Повисока комисија? Локално владино тело или службено лице?
- Кој може да поништи или отповика одлука на комисијата?
- Кој може да обжали одлука на комисијата, и како се решаваат жалбите?

### Транспарентност и доверба во процесот:

- Дали можете да процените дали постои недостаток од доверба во процесот?
- Дали состаноците на комисијата се отворени за јавноста и за медиумите? Дали на домашните набљудувачи (партиски и неутрални) им е дозволено да присуствуваат? На меѓународните набљудувачи?

На претставниците на политичките партии?

- Дали комисијата одржува редовно закажани состаноци? Како се известуваат членовите за состаноците?
- Како комисијата донесува одлуки? По одлука на претседавачот? Со гласање на членовите? Дали е потребен кворум?
- Дали се прават записници од состаноците и одлуките? Дали се објавуваат? Дали се достапни на барање?
- Дали од комисијата се бара да објавува информации или материјал за едукација на избирачите? Доколку е така, каков вид?
- Во какви програми за досегнување до населението се анагажира комисијата за да го поттикне учеството на избирачите? Постојат ли програми коишто посебно се насочени кон националните малцинства и жените?
- Во областите со висока концентрација на национални малцинства, дали се достапни материјалите на јазикот на малцинството?
- Дали сумираните резултати покажуваат детали според избирачки места? Кој има право да добие копија? Дали се тие јавно објавени и кога? Дали се објавени во локалниот печат во ист формат?

## Општи прашања:

- Побарајте примерок од списоците на избирачките места со нивните адреси;
- Побарајте детали за контакт со комисиите од пониско ниво;
- Прашајте за одбивањето на која било партија, кандидат, или петицијата за номинација;
- Прашајте за организациите на домашни набљудувачи кои се акредитирани за набљудување на изборниот процес; прашајте дали се одбиени некои апликации и, доколку се одбиени, зошто?
- Прашајте за процесот на жалби и приговори и за можните случаи?

# Анекс Г

## Предложени прашања за евиденција на избирачите

### Подготвување на списоците:

- Дали е активен севкупниот систем за составување на избирачките списоци (секој избирач со право на глас треба да ја искаже неговата/нејзината подготвеност да гласа и да се евидентира за секои избори) или пасивен (во избирачките списоци се вклучени имињата на сите избирачи со право на глас)?
- Кои локални органи се одговорни за различните аспекти на подготвувањето на избирачките списоци (на пример, локалната полиција може да ја има евиденцијата за жителство, додека општинските власти можат да бидат одговорни за организирање на списокот)?
- Какви мерки постојат за отстранување на можните повеќекратни внесови, отстранување на имињата на починати лица, додавање нови избирачи, коишто можеби станале полнолетни од последните избори. Пренесување на поединечните внесови од еден на друг список во случај некое лице да се преселило, или да се ажурираат имињата на жените коишто се омажиле и го промениле презимето?
- Дали списоците се рачно изработени или се одржуваат во комјутеризирана база на податоци?
- Дали списоците биле навреме завршени?

### Известување и јавен увид:

- Дали имало преземени активности за едукација на избирачите во поглед на избирачките списоци? Доколку имало, дали се преземени активности насочени кон жените, малцинствата, или младите избирачи?
- Дали се избирачите известени дека се евидентирани и каде е местото каде ќе треба да гласаат?
- Дали изибирачките списоците биле јавно истакнати за увид?
- Дали избирачите можеле лесно да побараат корекции?
- Дали имало некои формални жалби или приговори во врска со избирачките списоци? Доколку е така, дали може да се процени дали биле ефикасно и непристрасно процесуирани?

### Други можности:

- Дали списоците се точни и комплетни?
- Споредете го сегашниот број на евидентирани избирачи со нивниот број на претходните избори. Доколку се чини дека постои значително варирање, побарајте информации во врска со околностите коишто можеби ја предизвикале таквата промена.
- Дали се очигледни некои други проблеми, како што е неевидентирањето на малцинствата?

# Анекс Д

## Предложени прашања за политичките партии и кандидати

### Партиска организација и структура:

- Дали партијата е национална или дали е регионално или етнички заснована? На колкава бројка се проценува членството? Каква е сегашната поддршка на партијата?
- Со кого е партијата во политички сојуз? Дали партијата е дел од коалиција?
- Кога е регистрирана партијата? Дали наишла на некои проблеми при процесот на регистрација?
- Каква е јачината на партијата (врз основа на претходните резултати, сегашните места во парламентот и во локалните собранија, моменталните места коишто ги има во централната и локалната власт)?
- Дали партијата објавува сопствен весник? Дали поседува радио или ТВ станица? Дали ја ужива поддршката на посебен медиум?
- Дали партијата има намера да испрати на терен партиски набљудувачи на денот на изборите? Колкумина набљудувачи ќе може да ангажира партијата? Дали партијата ќе им обезбеди обука?
- Како се финансира партијата?

### Можни проблеми во текот на предизборниот период:

- Дали партијата се соочила со какво било насилство, заплашување, или мешање во партиските активности или за време на кампањата?
- Дали некои партиски активисти или членови биле уапсени или притворени?
- Дали партијата наишла на тешкотии при одржувањето јавни собири? При добивањето одобрение од страна на локалните власти? Дали е одбиено некое барање за организирање собир или митинг? Доколку е така, врз која основа?
- Дали државните или локалните власти се обиделе да се вмешаат во изборниот процес?
- Дали некои од партиските кандидати биле одбиени или отстранети од кандидатската листа? Доколку да, тогаш зошто?
- Доколку се барала петиција за регистрирање кандидати, дали партијата била попречена во собирањето потписи или во заверувањето на петицијата?
- Дали партијата има доверба во националните, регионалните и локалните изборни комисии, и во изборниот процес во целост, вклучувајќи и за претходните години?

### Очекувања и можна загриженост за денот на изборите:

- Дали партијата има некаква загриженост во врска со можни проблеми или неправилности на денот на изборите?
- Дали партијата идентификува потреба за присуство на меѓународни набљудувачи во определена област или на определено избирачко место? Каде? Зошто?
- Каква излезност на избирачите очекуваат во регионот?

## Избор на кандидати:

- Како партијата ги избира кандидатите? Доколку изборниот систем е пропорционален, како партијата одлучува за редоследот на кандидатите на листата? Дали во рамките на партијата постои демократски процес за донесување вакви одлуки?
- Колкав дел од партиските кандидати се жени или припадници на националните малцинства?
- Дали од кандидатите се бара да плаќаат членарина или проидонес кон партијата за да станат нејзини кандидати?

## Вклучување на жени и национални малцинства:

- Колку жени имаат водечки позиции во рамките на партијата? Кои позиции? Дали жените се застапени на партиската кандидатска листа?
- Дали партијата ги претставува интересите на посебно национално малцинство? Доколку не, дали партијата осигурува застапеност на националните малцинства на кандидатската листа?
- Дали платформата на партијата се осврнува на прашањата од посебен интерес за жените? За националните малцинства?
- Постои ли „женско крило“ во партијата, и доколку постои, колку е влијателно тоа?

## Стратегии за кампања:

- Кои методи на кампања ги употребува партијата за да допре до избирачите?
  - ✓ Мас-медиуми?
  - ✓ Митинзи и политички настани?
  - ✓ Агитирање од врата на врата?
  - ✓ Постери/летоци?
  - ✓ Друго?
- За кои прашања партијата смета дека се важни во изборите? Кои теми се промовираат во пораките на партиската кампања?
- Дали се задоволни со пристапот до медиумите?
  - ✓ Количество бесплатно обезбедено време?
  - ✓ Количество време обезбедено преку платено рекламирање?
  - ✓ Во јавните медиуми? Во приватните медиуми?
  - ✓ Дали се задоволни со рамнотежата на медиумското покривање?
- Што сметаат дека се јаки и слаби страни на нивната кампања?

# Анекс Ѓ

## Предложени прашања за НВО и домашните набљудувачи

### Приоритети и цели:

- Кое е главното поле на интерес на организацијата?
- Што се надева дека ќе постигне? Како? Постојат ли пречки за постигнување на целите? Доколку има, кои се главните?
- Што сметаат дека ќе биде нивната улога во поглед на, изборите? Дали го следеле изборниот процес и, доколку е така, дали извлекле некакви заклучоци? Дали презентирале јавни извештаи?
- Кои се главните активности на организацијата?

### Односи со властите:

- Како организацијата општо ја оценува соработката со локалните и државни власти? Ефикасноста? Поддршка?
- Дали организацијата е регистрирана? Доколку е, дали наишла на некакви тешкотии кога се регистрирала?
- Дали организацијата наишла на какво било мешање или малтретирање од страна на властите?
- Доколку организацијата има намера да распоредува набљудувачи на изборите, дали се соочила со некакви тешкотии при нивното ангажирање или регистрирање?

### Организација и структура:

- Дали организацијата функционира на целата територија на земјата или само регионално?
- Какво е членството на организацијата? Дали ги претставува националните малцинства? Дали ги претставува жените и женските прашања?
- Дали организацијата е поврзана со некоја политичка партија? Со државна институција? Со трудова организација? Со верска организација?
- Дали организацијата има платен персонал? Дали се потпираат врз доброволци?
- Како се финансира организацијата? Дали добива финансиска поддршка од владата? Меѓународни донации? Донации од приватни извори?

### Очекувања и можни загрижености за денот на изборите:

- Дали организацијата е загрижена за потенцијалните проблеми или неправилности на денот на изборите?
- Дали организацијата верува дека треба да се обрне посебно внимание на одредено подрачје или избирачко место од страна на меѓународните набљудувачи? Доколку е така, каде? Зошто?
  - ✓ Дали организацијата ќе врши набљудување на денот на изборите?
  - ✓ Доколку е така, во кои области?
  - ✓ Колкумина набљудувачи ќе распореди?
  - ✓ Која методологија ќе ја употребува?

- ✓ Дали набљудувачите ќе бидат обучувани пред денот на изборите?
- ✓ Дали организацијата ќе подготви извештај за своите наоди? Кога ќе биде презентиран извештајот?
- ✓ Каква соработка очекува со службените лица на избирачките места?
- ✓ Дали очекува некакви попречувања или ограничувања при набљудувањето?

- И покрај тоа што ОДИХР мора да се потпре, единствено, врз наодите на сопствените набљудувачи во изјавата за прелиминарните наоди и заклучоци и во конечниот извештај, дали организацијата би била подготвена да сподели информации во врска со своите впечатоци, вклучувајќи можни инциденти или проблеми на коишто наишла, за коишто има потреба од понатамошно следење од страна на меѓународните набљудувачи или во соработка со нив?
- Дали би било можно да се стапи во контакт со организацијата на денот на изборите? Броеви за контакт?

# Анекс Е

## Предложени прашања за медиумите

- Запомнете дека не ви е дозволено да давате интервјуа во врска со некои битни аспекти на изборите и за наодите од набљудувањето на изборите. Види во следниот анекс за упатства во врска со работата со медиумите.
- Кога разговарате со новинари, запомнете да ги формулирате одговорите на неутрален начин и да се воздржите од искажување на вашите мислења во поглед на прашањата поврзани со изборите.

### Медимуско информирање:

- На колкав број се проценува публиката/читателите на медиумот?
- Кој е опсегот на емитување (електронски медиуми) или тираж на изданија (печатени медиуми)?
- Дали медиумот е во јавна или во приватна сопственост? Доколку е приватен, кој е сопственик на медиумот?
- Дали медиумот има некаква посебна политичка поврзаност? Дали поддржува некој кандидат или партија?
- Колкумина вработени и хонорарни новинари работат за медиумот? Колку од нив се жени?

### Покривање на изборите:

- Каков вид покривање на изборите врши медиумот? Колку изборни дебати и програми емитуваат?
- Дали медиумот обезбедува слободно време или место за кандидатите?
- Дали медиумот емитува или печати платени политички реклами?
  - ✓ Доколку е така, дали условите се еднакви за сите партии и кандидати?
  - ✓ Која е цената и каков е соодносот со еднакво количество комерцијален маркетинг?
  - ✓ Дали кандидатите и партиите, всушност купиле време на електронско емитување или место за печатење?
  - ✓ Дали на некој кандидат му бил одбиен закуп на време за електронско емитување или место за печатење?
- Дали медиумот емитувал или објавил каква било информација за едуцирање на избирачите?
- Дали се поднесени формални жалби против медиумот како резултат на неговото покривање на изборите? Доколку има, од чија страна? Каков е резултатот?

### Мислења:

- Кои се клучните прашања во оваа кампања?
- Дали кампањата обезбедила еднакви услови за кандидатите?
- Дали постојат значајни разлики меѓу овие избори и претходните?
- Какво е нивното мислење за нивото на развој на медиумите во земјата? Дали се независни, професионални и слободни да ги изразат своите ставови?
- Дали медиумот се соочува со проблеми во покривањето на изборите (на пример, насилство, заплашување, притисок, цензура, самоцензура, малтретирање, даночни ревизии, судски дејства, необични проблеми со дистрибуирањето или

добивањето рото-хартија, или друг вид мешање)?

- Дали се непристрасни регулаторните органи на медиумите? Дали овие органи наметнале некакви санкции врз медиумот во однос на покривањето на изборите?
- Какво е влијанието на медиумите врз јавното мнение? Дали им се верува и дали се сметаат како сигурни извори на информации?

# Анекс Ж

## Упатства за работа со медиуми

Силниот интерес за присуството на НМИ може да ги наведе новинарите да им пристапат на ДНИ и да побараат изјава или интервју во врска со НМИ и нејзините наоди. ОДИХР верува во вредноста на транспарентноста на нејзината работа и сака да ги унапредува добрите односи со медиумите. Сепак, важно е секоја мисија за избори да зборува едногласно и да испраќа конзистентна порака во сите свои јавни изјави во врска со изборниот процес. Затоа, сите набљудувачи мора да следат одредени упатства кога работат со медиумите.

Во суштина, набљудувачите можат да зборуваат со медиумите за начинот на нивната работа, но не и за личното мислење за оценување на изборите. Кодексот за однесување на набљудувачите препорачува набљудувачите да не даваат лични коментари за медиумите во врска со содржината на набљудувањето. Ова треба да се сфати сериозно, бидејќи минатите искуства покажуваат дека коментарите во медиумите можат да се извадат од контекст, да се претстават погрешно, или да се прикажат како официјален став на НМИ во врска со изборите, дури иако тие се јасно претставени како лични мислења. Затоа ДНИ мораат да се воздржат од јавни коментари или заклучоци во врска со суштината на нивното набљудување. На пример, тие не треба да нудат некакво мислење за политичката средина; да шпекулираат во врска со резултатите од изборите; или да прават процена на општото ниво на конкуренција, еднаквост на условите, или интегритетот на изборите. Тие, исто така, треба да се воздржат од јавно споредување на изборите со кои било други избори коишто можеби ги набљудувале во истата земја или на друго место.

ДНИ не се должни да даваат интервјуа или да одговараат на прашања поставени од страна на медиумите доколку не сакаат. Важно е да се одбегнуваат изјави како „Не ми е дозволено да зборувам со новинари." ДНИ имаат слобода да зборуваат со медиумите или да одговараат на прашања во врска со целта, организацијата и методот на набљудување. На пример, ДНИ би требало да се чувствуваат слободно да ги пренесат следните пораки до медиумите:

- Кои се и од која земја доаѓаат;
- Дека се дел од набљудувачки тим поканет од страна на владата, за да вршат набљудување;
- Дека присуството на набљудувачите ја одразува важноста на овие избори и нивото на меѓународниот интерес за нив;
- Дека сите земји-членки во ОБСЕ прифатиле да покануваат набљудувачи, како признание за тоа дека набљудувањето има потенцијал да ја зајакне транспарентноста и јавната доверба во изборниот процес; дека ОДИХР ги следи изборните прашања во сите земји-членки;
- Бројот на набљудувачи на ОДИХР коишто се наоѓаат во земјата;
- Дека се среќаваат со голем број учесници во изборите, кандидати, партии, службени лица, изборни администратори, граѓанското општество и други;
- Дека ги истражуваат сите аспекти на изборите, вклучувајќи ја и правната рамка, изборната администрација, жалбите и приговорите, политичката кампања, работата на медиумите, итн.;

- Бројот на КНИ потребни за денот на изборите;
- Општата методологија за набљудување на денот на изборите;
- Дека конференцијата за печат ќе се одржи во главниот град, ден по изборите за да се соопштат прелиминарните наоди и заклучоци на НМИ и дека претставниците на сите медиуми се добредојдени да присуствуваат.

Доколку некој претставник на медиумите е упорен во барањето информации или коментари надвор од темите наведени погоре, тие треба да се упатат кон главниот тим. **Единствено шефот на мисијата смее да дава суштински коментари за медиумите, од името на набљудувачката мисија на ОДИХР.**

Доколку некој ДНИ зборува со медиумите, тој или таа треба да направат евиденција за тоа кој ги интервјуирал и кој медиум или медиуми тие ги претставувале. Треба да го известат главниот штаб на мисијата. Исто така, треба да се обидат да добијат примерок од каков било објавен напис или лента од кое било емитувано интервју за да се види дали нивните забелешки биле точно пренесени.

# Анекс 3

## Предложен формулар за седмични извештаи на ДНИ

**МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ ИЗБОРИ НА ОДИХР ВО**: ___________________________

*(земја, вид и датум на изборите)*

ФОРМУЛАР ЗА СЕДМИЧНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ДНИ

| | |
|---|---|
| Тим бр. | |
| Локација и ОнО | |
| Опфатен период | |

**1. Извршно резиме (**во куси црти, наведете ги најзначајните настани или прашања од оваа седмица.)

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

**2. Локални изборни комисии, локална администрација и статусот на нивната подготвеност за изборите.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

**3. Политички партии, коалиции и кандидати.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

**4. Активности на кампањите и медиумите.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

**5. НВО, домашни набљудувачи, други соговорници.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

**6. Учество на националните малцинства/жените.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**7. Жалби и приговори.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**8. Идентификувани недостатоци, неправилности и/или прекршувања на изборното законодавство или прописи, заложбите на ОБСЕ и други меѓународни стандарди за демократски избори.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**9. Логистика/подготовки за КНИ/безбедносни или сигурносни прашања.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**10. Список на остварени контакти:**

| **ВИД**<br>*НВО, партија, службено лице, медиум, друго* | **ИМЕ** | **ОРГАНИЗАЦИЈА** | **ТЕЛЕФОН ЗА КОНТАКТ** | **АДРЕСА** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**11. Друго или потребна помош од главното седиште**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

# Анекс S

## Предложен формулар за вонреден извештај за ДНИ

**МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ ИЗБОРИ НА ОДИХР ВО**: ___________________________

*(земја, вид и датум на изборите)*

ВОНРЕДЕН ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| Тим бр. | |
| Локација и ОнО | |
| Датум на извештај | |
| Предмет | |

(Накратко опишете го развојот или настанот, вашиот извор на информации, и дали планирате активности за следење на случајот.)

_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

# Анекс И

## Предложен формулар за извештај на ДНИ за следење на специфични случаи

**МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ ИЗБОРИ НА ОДИХР ВО**: ________________________

*(земја, вид и датум на изборите)*

**ДОСИЕ НА СЛУЧАЈОТ**

ФОРМУЛАР ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЖАЛБИ, ПРЕКРШУВАЊА И НЕПРАВИЛНОСТИ

| | |
|---|---|
| Тим бр. | |
| Локација и ОнО | ` |
| Датум на извештај | |

Датум на наводна активност: ________________________________________

Активност/категорија (штиклирај ги соодветните ставки):

| | | | |
|---|---|---|---|
| ____ | Насилство | ____ | Агитирање од страна на државни службеници |
| ____ | Притворање/апсење | ____ | Непрофесионално однесување на изборната комисија |
| ____ | Малтретирање на активисти | ____ | Медиуми (покривање, пристап, малтретирање) |
| ____ | Избирачки списоци | ____ | Подготовки за гласање |
| ____ | Објавени материјали за кампања | ____ | Митинзи |
| ____ | Злоупотреба на јавни ресурси | ____ | Друго |

**Детали** (доколку е познато, вклучете ја изборната единица и реонот, и законските одредби коишто наводно се прекршени):

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

ДОКОЛКУ Е ПОДНЕСЕНА ФОРМАЛНА ЖАЛБА ДО ВЛАСТИТЕ

**На кое место е поднесена жалбата?**

________ Изборна комисија

________ Суд

________ Обвинител

**Кога е поднесена жалбата?** ________________________________

**Тужител:** ________________________________

**Титула/припадност на тужителот:**

**Обвинет:**

**Титула/припадност на обвинетиот:**

**Статус/исход од жалбата:**

**Дали е потребно да се следи случајот**

ДОКОЛКУ НЕ Е ПОДНЕСЕНА ФОРМАЛНА ЖАЛБА

**Дали жалбата доаѓа од доверлив извор? Доколку изворот бара доверливост, наведете го името и информациите за контакт.**

**Какви докази ја поткрепуваат жалбата?**

**Дали сте биле во можност самостојно да ја верификувате?**

**Дополнителни коментари:**

# Анекс Ј

## Предложен формулар за конечен извештај на ДНИ

**МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ ИЗБОРИ НА ОДИХР ВО**: ________________________

*(земја, вид и датум на изборите)*

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ДНИ

| | |
|---|---|
| Тим бр. | |
| Локација и ОнО | ` |
| Датум на извештај | |

**1. Севкупен преглед на изборите во вашата област на одговорност**

Накратко изнесете ги клучните заклучоци во врска со изборите во вашата ОнО. Дали тие беа во согласност со заложбите на ОБСЕ и со другите меѓународни стандарди за демократски избори или имало недостатоци и/или неправилности? Доколку немало, кои беа главните проблеми? Имате ли дополнителни коментари во врска со изјавата на НМИ за прелиминарните наоди и заклучоци? Доколку е така, Ве молиме да наведете детали.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**2. Продолжение**

Пред да се заврши процесот на набљудување дали има некакви нерасчистени прашања во врска со овие избори за којшто би било потребно понатамошно следење по заминувањето на НМИ ?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**3. Препораки за конечниот извештај на НМИ**

Дали имате предлози за специфични препораки за властите коишто би требале да се вклучат како дел од конечниот извештај на НМИ?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**4. Коментари и препораки за работата на НМИ.**

Ве молиме да ги изнесете вашите ставови во врска со работата на НМИ, посочете некакви проблеми за коишто би требале да бидеме свесни, и предлози како да се подобрат идните НМИ.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**5. Други коментари.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

# Анекс К

## Формулар за ваучер за исплата

| ОБСЕ<br>ИМПРЕСТ ФОНД<br>ВАУЧЕР ЗА ИСПЛАТА | Ваучер бр.:<br>Датум:<br>Канцеларија/Мисија:<br>Чек/готовина/трансфер |
|---|---|

Исплатено на (име, бр. на лична карта, адреса)

Износ на:

Намена:

| Одобрено за исплата | Исплатено од | Исплата примена |
|---|---|---|
| ......................................<br><br>Име и титула | ........................................<br><br>Касиер | ...............................<br><br>Корисник |

| Сметката да се наплати | | | |
|---|---|---|---|
| **Код или наслов** | **Износ** | **= УСД/ЕУРО** | |
| | | | Проверено и одобрено како исправно од:<br><br>........................<br><br>Шеф на сметководство |

1. ДНИ треба да обезбедат документација За СИТЕ трошоци, т.е., оригинална фактура или признаница.
2. Во некои случаи, кога продавачот не издава фактура, таа може да се замени со ваучер за исплата.
3. Ваучерот за исплата треба целосно да се пополни за да ги опфати деталите за корисникот, износот, описот на услугата или производот, датумот, потписите на плаќачот и на корисникот.

# Анекс Л

## Заложби поврзани со изборите содржани во Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година

Членовите од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година, кои директно се однесуваат на изборите се претставени подолу.[18] Дополнителни заложби на ОБСЕ кои се релевантни за изборите се опфатени во *Прирачникот за набљудување избори на ОДИХР (Election Observation Handbook)* (петто издание, 2005).

(6) Земјите-членки изјавуваат дека волјата на народот, слободно и правично изразена преку периодични и вистински избори, е основа на власта и легитимноста на севкупното владеење. Земјите-членки соодветно ќе го почитуваат правото на нивните граѓани да земат учество во управувањето на својата земја, било директно или преку претставници кои ќе бидат слободно избрани од нивна страна преку правични изборни процеси. Тие ја препознаваат нивната одговорност да го бранат и штитат, во согласност со своите закони, обврските за меѓународните човекови права и меѓународните заложби, демократскиот поредок кој е слободно воспоставен преку волјата на народот против активностите на лицата, групите или организациите кои се вклучуваат во или одбиваат да се откажат од тероризам или насилство кое е насочено кон уривање на тој поредок или против поредокот на друга земја-членка.

(7) За да се осигура дека волјата на народот служи како основа на власта на управување, земјите-членки ќе:

(7.1) - одржуваат слободни избори во разумни интервали, како што е утврдено со закон;

(7.2) - дозволат сите места во најмалку еден дом од националното законодавство да биде предмет на слободен натпревар на народно гласање;

(7.3) - гарантираат универзално и еднакво право на возрасните граѓани;

(7.4) - обезбедуваат дека гласовите се дадени по пат на тајно гласање или по пат на еквивалентна слободна гласачка процедура, и дека тие ќе бидат преброени и чесно истакнати со официјалните резултати кои ќе бидат јавно објавени;

(7.5) - се почитува правото на граѓаните да се кандидираат за политичка или јавна функција, поединечно или како претставници на политички партии или организации, без дискриминација;

(7.6) - го почитуваат правото на поединците или групите да формираат, во целосна слобода, сопствени политички партии или други политички организации и ќе обезбедат неопходни законски гаранции за таквите политички партии и организации за да им овозможат да се натпреваруваат меѓусебно врз основа на еднаков третман пред законот и од страна на властите;

(7.7) - обезбедуваат дека законот и јавната политика ќе работат во насока да дозволат политичката кампања да се спроведува во фер и слободна атмосфера, во којашто ниту административното

[18] Целиот текст на Копенхашкиот документ може да се добие на www.osce.org/docs.

дејство, ниту насилството ниту заплашувањето ќе ги спречи партиите и нивните кандидати слободно да ги презентираат своите ставови и квалификации, или да ги спречи избирачите да ги дознаат или да дискутираат за нив или да го дадат својот глас слободно и без страв од одмазда;

(7.8) - обезбедат да нема ниту една правна или административна пречка која би можела да го попречи пристапот до медиумите врз недискриминаторска основа за сите политички групации и поединци коишто сакаат да учествуваат во изборниот процес;

(7.9) - осигураат дека кандидатите кои го имаат неопходниот број гласови пропишан со закон се соодветно поставени на функција и им се дозволува да останат на функција сé додека не им истече мандатот или е поинаку приведен кон крај на начин којшто е регулиран со закон во согласност со демократските парламентарни и уставни постапки.

(8) Земјите-членки сметаат дека присуството на набљудувачите, и на странските и на домашните, може да го зајакне изборниот процес во државите каде што се одржуваат избори. Затоа тие ги канат набљудувачите од секоја земја-членка во КЕБС и секоја соодветна приватна институција и организации кои би сакале да го сторат тоа да вршат набљудување на текот на националните изборни постапки, до онаа мера која е пропишана со закон. Тие, исто така, ќе се обидат да го олеснат сличниот пристап за изборните постапки кои се одржуваат под националното ниво. Таквите набљудувачи ќе се обврзат да не се мешаат во изборните постапки.

# ЗА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУЦИИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОБСЕ

Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) е основна институција на ОБСЕ, која има за цел да им помогне на земји-членки на ОБСЕ „да обезбедат целосно почитување на човековите права и основни слободи, придржување до принципот на владеење на правото, промовирање на принципите на демократијата и (…) да изградат, да ги зајакнат и да ги штитат демократските институции, како и да промовираат толеранција во општеството“ (Хелсиншки документ, 1992 година).

ОДИХР, со седиште во Варшава, Полска беше основана како Канцеларија за слободни избори на Самитот одржан во Париз, 1990 година, а започна да функционира во мај 1991 година. Една година подоцна, името на канцеларијата беше сменето, со цел да го отслика проширениот мандат во кој се вклучени човековите права и демократизацијата. Денес, тука се вработени повеќе од 100 лица.

ОДИХР е водечка организација во Европа која дејствува на полето на **набљудување на изборите**. Таа, секоја година, го координира и организира распоредувањето на неколку набљудувачки мисии со илјадници набљудувачи, кои имаат за цел да оценат дали изборите во регионот што го покрива ОБСЕ се одвиваат во согласност со националното законодавство и меѓународните стандарди. Методологијата што се користи овозможува продлабочен увид во сите елементи на изборниот процес. Преку проектите за техничка помош, ОДИХР им помага на земји- членки на ОБСЕ да ја подобрат изборната рамка.

Активностите на ОДИХР за **демократизација** ги вклучуваат следниве тематски области: владеењето на правото, граѓанското општество, слободата на движење, родовата еднаквост и трговијата со луѓе. Секоја година, ОДИХР спроведува повеќе од 100 таргетирани програми за техничка помош, настојувајќи да помогне во поуспешно придржување на државата кон определбите на ОБСЕ и во градењето на демократски структури.

ОДИХР ја промовира заштитата на **човековите права** преку проекти за техничка помош и обука за прашања поврзани со човековата димензија. Врши истражувања и изготвува извештаи на различни теми од областа на човековите права. Покрај тоа, канцеларијата организира по неколку средби секоја година заради испитување на примената на определбите на ОБСЕ за човековата димензија во земји- членки. Во рамките на своите антитерористички активности, ОДИХР работи на градење свест за прашањата поврзани со човековата димензија и спроведува проекти, преку кои суштински се третираат факторите кои го предизвикуваат тероризмот.

ОДИХР им дава совета на земји- членки на ОБСЕ за нивните политики кон **Ромите и Синтите**. Промовира јакнење на капацитетите и мрежно поврзување на заедниците на Ромите и Синтите и го поттикнува учеството на претставници на Ромите и Синтите во органите надлежни за донесување на одлуки. Канцеларијата, исто така, овозможува размена на информации за прашања поврзани со Ромите и Синтите меѓу националните и меѓународните субјекти.

Сите активности на ОДИХР се спроведуваат во тесна координација и во соработка со институциите и теренските мисии на ОБСЕ, како и со други меѓународни организации.

Повеќе информации можат да се најдат на интернет-страницата на ОДИХР (www.obse.org/ODIHR).